Република Северна Македонија
Универзитет „Св.Кирил и Методиј"
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.02- 1120/1
Дата 24.02.2025 год.
С к о п ј е

**До**
**-----------------------------------------------------**

**-----------------------------------------------------**
**Член на Наставно-научниот совет**

**Т У К А**

# П О К А Н А

Врз основа на член 114 од Законот за високото образование и член 95 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје **СВИКУВАМ, XVI** редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, на ден **27.02.2025 година (четврток)** со почеток во **13:00 часот** во Амфитеатарот во деканатот на Факултетот со следниов

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од XV седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 20.02.2025 година.
2. Извештаи од одбори, наставно-научни колегиуми, совети и комисии
- Кадровски одбор
- Наставен одбор
- Наставно-научен колегиум за јавно здравство
- Одбор за меѓународна соработка
- Одбор за издавачка дејност

3. Избор на демонстратори.

а) Избор на Мила Ложанкоска за демонстратор на Катедрата за хистологија со ембриологија по предметите: Морфологија и физиологија на клетка, Хистологија и ембриологија 1 и 2 од студиската програма по општа медицина, Хистологија и ембриологија од студиската програма по дентална медицина, Анатомија со хистологија и Хистологија од останатите студиски програми од тригодишните стручни студии.

б) Избор на Вероника Станоевска за демонстратор на Катедрата за хигиена по предметите: хигиена на студиската програма по општа медицина, хигиена и екологија за студентите на академските студии за дипломирани логопеди и здравствена екологија за тригодишните стручни студии за медицинско лабораториска дијагностика за академската 2024/2025 година.

в) Избор на Матеј Трајчески и Давид Здравески за демонстратори на Катедрата за медицина на трудот по предметите: медицина на трудот за студентите по општа медицина и останатите студиски програми за академската 2024/2025 година.

г) Избор на Иван Панговски за демонстратор на Катедрата за социјална медицина за демонстратор по предметите: вовед во медицинара, промоција на здравје, јавно здравство, здравствено и социјално законодавство и здравствен менаџмент, за

студиските програми на тригодишните стручни студии за академската 2024/2025 година.

4. Избори по билтени

Избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, а според Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Билтен на УКИМ бр. 1322 од 15.01.2025 година и Билтен на УКИМ бр.1323 од 01.02.2025_ година.

***I. Избор по билтен бр. 1322***

а) Избор на редовен професор по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и дигестивна хирургија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Реџеп Сељмани (*предложен за избор*), стр. 57-70.

б) Избор на редовен професор по предметите од наставно-научните области: анестезиологија и реанимација и клиничко-болничка и општа здравствена нега врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Атанас Сивевски (*предложен за избор*), стр. 71-89.

в) Избор на вонреден професор по предметите од наставно-научната област ортопедски болести врз основа на рецензијата, а по пријава на доц.д-р Марта Фотева (*предложен за избор*), стр. 90-101.

г) Избор на редовен професор по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и торакална хирургија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Ристо Чоланчески (*предложен за избор*), стр. 102-127.

***II. Избор по билтен бр. 1323***

а) Избор на редовни професори по предметите од наставно-научната област анатомија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Елизабета Чадиковска и вонр.проф.д-р Билјана Бојаџиева Стојаноска (*предложени за избор*), стр. 98-122.

б) Избор на наставници по предметите од наставно-научната област гинекологија и акушерство, а врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр. проф. д-р Горан Димитров и вонр.проф.д-р Глигор Тофоски за редовни професори, а доц. д-р Весна Ливринова и доц. д-р Анета Сима за вонредни професори (*предложени за избор*), стр. 182-288.

в) Избор на вонреден професор по предметите од наставно-научната област логопедија врз основа на рецензијата, а по пријава на доц.д-р Татјана Георгиевска Јанческа (*предложена за избор*), стр. 300-310.

г) Избор на научен советник по предметите од научните области: биохемија (медицинска хемија) и клиничка биохемија врз основа на рецензијата, а по пријава на в.н.сор.д-р Јулијана Брезовска-Кавракова (*предложена за избор*), стр. 311-321.

д) Избор на асистенти по предметот фармакологија со токсикологија врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Бојан Лабачевски, ас.д-р Емилија Шиколе и ас. д-р Александар Никодиновски (*предложени за избор*), стр. 322-330.

ѓ) Избор на асистент по предметот медицина на трудот врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Анета Атанасовска (*предложена за избор*), стр. 331-334.

е) Избор на асистенти по предметот патологија врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Анета Таневска Зрмановска и ас.д-р Владимир Ристески (*предложени за избор*), стр. 335-342.

ж) Избор на асистенти по предметот хистологија и ембриологија врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Љубица Ташева и ас.д-р Наташа Стојковска (*предложени за избор*), стр. 343-352.

з) Избор на асистенти по предметот педијатрија врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Ивана Арнаудова Даневска, ас.д-р Ирена Чакалароска и ас.д-р Аријета Хасани (*предложени за избор*), стр. 353-366.

**Рецензија со приговор**

а) Разгледување на приговорот на д-р Наташа Давчева по однос на рефератот од рецензентската комисија за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија (*приговорот и одговорот на приговорот од рецензентската комисија ви се доставени во прилог*), Билтен на УКИМ бр. 1324 од 15.02.2025 година, стр. 97-114.

- Избор на редовни професори по предметите од наставно-научните области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.проф.д-р Рената Јанкова и вонр.проф.д-р Александар Станков (*предложени за избор*), а прим.д-р.сци.д-р Наташа Давчева *не е предложена за избор*, Билтен на УКИМ бр. 1323 од 01.02.2025 год. стр.123-181.

**Напомена: Материјалите за седницата се достапни на www.medf.ukim.edu.mk се доставени на Вашата е-маил адреса (*доколку имате промена на Вашата е-маил адреса Ве молиме јавете се на тел: 3103 700*).**

Д е к а н,
Проф.д-р Светозар Антовиќ

З А П И С Н И К

Од одржана XV редовна седница на ден **20.02.2025** година година, на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет-Скопје, преку средствата за електронска комуникација (преку е-маил) со праќање на повратен е-маил (reply all).

Од вкупно 136 членови на Наставно-научниот совет, по предложениот дневен ред на седницата се изјасниле 105 членови од кои (100 наставници и 5 студенти) и тоа: Светозар Антовиќ, Марија Вавлукис, Јулија Живадиновиќ Богданова, Рубенс Јовановиќ, Симон Трпески, Ирена Костовска, Ники Матвеева, Билјана Бојаџиева Стојаноска, Билјана Трпковска, Јасна Богданска, Даница Лабудовиќ, Лена Какашева Маженковска, Сунчица Петровска, Лидија Тодоровска, Јасмина Плунцевиќ Глигоровска, Гордана Јанкоска, Весна Котевска, Славица Костадинова Куновска, Магдалена Богдановска Тодоровска, Невена Маневска, Димче Зафиров, Јасмина Тројачанец Павловска, Круме Јаќовски, Мери Киријас, Весна Велиќ Стефановска, Верица Попоска, Александар Станков, Златко Јаќовски, Венјамин Мајсторов, Тања Маказлиева, Елизабета Србиновска Костовска, Христо Пејков, Ѓулшен Селим, Билјана Герасимовска Китановска, Павлина Џекова Видимлиски, Злате Стојаноски, Александра Пивкова Вељановска, Деска Димитриевска, Дејан Спасовски, Лидија Петковска, Жанина Переска, Ненад Јоксимовиќ, Мери Трајковска, Владимир Андреевски, Бети Тодоровска, Саша Јовановска Мишевска, Соња Бојаџиева, Светлана Кочева, Силвана Наунова Тимовска, Илија Кировски, Крсто Гроздановски, Ирена Кондова Топузовска, Марија Цветановска, Гордана Китева Тренчевска, Наталија Долненец Банева, Анита Арсовска, Емилија Цветковска, Игор Петров, Димитар Боневски, Антони Новотни, Ненси Манушева, Славица Арсова Хаџи Анѓелковска, Стојан Бајрактаров, Ана Филипче, Виолета Клисаровска, Игор Стојковски, Сузана Николовска, Христина Брешковска, Реџеп Сељмани, Ѓорѓи Трајковски, Александар Чапароски, Владимир Рендевски, Александра Димовска Гавриловска, Илир Хасани, Андреја Гавриловски, Боро Џонов, Горан Кондов, Сашо Дохчев, Шабан Мемети, Зоран Божиновски, Милан Самарџиски, Даниела Георгиева, Емилија Ѓошевска Даштевска, Јане Нетковски, Горан Димитров, Викторија Јовановска, Кристина Скепароска, Миле Тантуровски, Анета Сима, Елена Џикова, Атанас Сивевски, Гордана Ристовска, Игор Спироски, Билјана Митревска, Цветанка Ѓеракароска Савевска, Татјана Макаровска Бојаџиева, Јордан Минов, Александар Петличковски, Катарина Ставриќ и Томислав Станковски, *студенти*: Александра Божинова, Надица Танчева, Дарко Тимовски, Нина Костоска, и Ана Поповиќ.

*Членови што не се изјасниле за седницата преку е-маил*: Маја Јурхар Павлова, Ана Угринска, Надица Митреска, Билјана Пргова Велјанова, Петар Јаневски, Лидија Попоска, Дејан Докиќ, Снежана Марковиќ, Аспазија Софијанова, Никола Јанкуловски, Огнен Костовски, Христијан Костов, Смиља Туџарова Ѓорговa, Оливер Станков, Лазар Тодоровиќ, Васил Папестиев, Никола Николовски, Катерина Николоска, Ирена Алексиоска Папестиев, Јасминка Нанчева и *студенти*: Јан Атанасовски, Тоше Николов, Мелиса Дани, Весна Спасова, Драгана Занова, Ана Ќупева, Рита Ајдарага, Ана Филипче, Пиринка Анастасова, Тома Бајрактаров и Николина Трајаноска.

Материјалите за седницата на членовите на ННС им беа доставени на 17.02.2025 година.

Членовите на ННС со мнозинство гласови го прифатија предложениот дневен ред.

#                                                                                                                                  #

Членовите на ННС се изјаснуваа по следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од XIV седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 24.01.2025 година.

2. Донесување на Одлука за усвојување на финансискиот план и донесување на завршните сметки (финансискиот годишен извештај) на Факултетот за 2024 година (*прилог*).

3. Избор на редовен професор по предметите од наставно-научната област микробиологија со паразитологија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.# проф.д-р Татјана Грданоска (*предложена за избор*), Билтен на УКИМ бр.1323 од 01.02.2025 година, стр. 289-299.

---

*Ад-1.* Усвојување на записникот од XIV седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 24.01.2025 година.

*ННС со мнозинство на гласови го усвои записникот од* XIV *седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 24.01.2025 година.*

---

*Ад-2.* Донесување на Одлука за усвојување на финансискиот план и донесување на завршните сметки (финансискиот годишен извештај) на Факултетот за 2024 година.

*ННС со мнозинство на гласови донесе Одлука за усвојување на финансискиот план и донесување на завршните сметки (финансискиот годишен извештај) на Факултетот за 2024 година.*

---

***Ад-3.*** Избор на редовен професор по предметите од наставно-научната област микробиологија со паразитологија врз основа на рецензијата, а по пријава на вонр.# проф.д-р Татјана Грданоска (*предложена за избор*), Билтен на УКИМ бр.1323 од 01.02.2025 година, стр. 289-299.

***ННС со мнозинство на гласови изврши избор на вонр.проф.д-р Татјана Грданоска за редовен професор.***

Седницата на ННС заврши во 13 часот

| Записничар | Декан |
|---|---|
| Дипл.прав. Радмила Митаноска, с.р. | Проф.д-р Светозар Антовиќ, с.р. |

## ИЗВЕШТАЈ ОД КАДРОВСКИОТ ОДБОР

Кадровскиот одбор на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет од Скопје одржа состанок на **24.02.2025 година во 13 часот**. На состанокот присуствуваа мнозинство од членовите на Одборот. По однос на предложените точки од дневниот ред и спроведеното гласање, Кадровскиот одбор на Наставно-научниот совет го предлага следното:

***1. Донесување на Одлука за распишување на конкурс за нови места за избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања, по барање од катедрите.***

Од раководителот на катедрата за радиологија доц.д-р Петар Јаневски беше доставен допис – Известување за одржана катедра на ден 18.02.2025 година и донесената одлука за распишување на едно место за избор во наставно-научно звање број 02-1093/1 од 24.02.2025 година како и за случувањата на катедрата по одржаниот состанок, кое Деканот го прочита пред членовите на Кадровскиот одбор.

Воедно до Кадровскиот одбор беше доставен и допис – барање од група професори од катедрата за радиологија број 02-1094/1 од 24.02.2025 година со прилог барање од асс.д-р Кристина Димитријевиќ, одговор од раководителот на Катедрата за радиологија и Записник од одржаниот состанок на катедрата на ден 18.02.2025 година изготвен и доставен до членовите на катедра од раководителот доц.д-р Петар Јаневски, кое Деканот исто така го прочита пред членовите на Кадровскиот одбор.

Деканот го повика и претставникот на катедрата во Кадровскиот одбор проф.д-р Елизабета Стојовска Јовановска да образложи што точно се случувало на состанокот на катедрата, која го потврди сето она што раководителот на катедрата го има напишано до членовите на Кадровскиот одбор, односно дека на катедрата се спровело јавно гласање за распишување на едно место за избор во наставно-научно звање и дека одлуката е донесена едногласно од страна на сите присутни членови на катедрата, како и дека по завршување на состанокот на катедрата постоеле негодувањата на членовите од катедрата дека не е спорна донесената одлука, но по донесување на одлуката не им било јасно за што гласале.

По кратка дискусија, Кадорвдскиот одбор едногласно одлучи да се распише местото за избор на едно лице во наставно-научно звање во научната област радиологија.

Катедрите ги доставија следните барања кои Кадровскиот одбор ги разгледа и му предлага на Наставно-научниот совет да донесе Одлука за распишување на Конкурс за:

| **Катедра** | **Барања** |
|---|---|
| Психијатрија и медицинска психологија | 1 асистент |
| Дерматовенерологија | 1 научен работник |
| Хирургија | 1 научен работник (неврохирургија) |
| Интерна медицина | 2 асистенти |
| | 1 наставник (кардиологија) |
| | 1 научен работник (кардиологија) |
| | 1 научен работник (пулмологија) |
| | 1 научен работник (хематологија) |

| | |
|---|---|
| Ортопедија | 1 лице во насловно звање |
| Онкологија со радиотерапија | 1 асистент |
| Радиологија | 1 наставник |

2. ***Разгледување на барања за одобрување на отсуства за наставници и соработници врз основа на дадена согласност од институциите каде што се вработени и катедрите.***

– поднесено е барање од ас.д-р Радомир Јовчевски, вработен на Институтот за микробиологија и паразитологија, за одобрување на платено отсуство започнувајќи од 03.03.2025 до 14.03.2025 година, поради стручно усовршување на Институтот за микробиологија и имунологија на Медицинскиот факултет, во рамките на Универезитетот во Љубљана, Словенија од областа на современата микробиологија.

За ова барање има согласност од раководителот на Катедрата за микробиолгоија со паразитологија и Одлука за одобрување на платено отсуство од Стручниот колегиум на институтот.

**Кадровскиот одбор му предлага на ННС да даде согласност за ова платено отсуство.**

– поднесено е барање од н.сор.д-р Виктор Станков, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за Урологија, за одобрување на платено отсуство започнувајќи од 01.04.2025 година во траење од 11 месеци, поради стручно усовршување во странство од областа на Endourology fellowship – endourologic, laparascopic and robotic assisted surgery, сертифицирано од „Endourologic society“ во First affiliated hospital od Guangzhou Medical University во градот Гуангџоу, Кина.

За ова барање има согласност од раководителот на Катедрата за хирургија и Одлука за платено отсутво поради стручно усовршување од директорот на клиниката.

**Кадровскиот одбор му предлага на ННС да даде согласност за ова платено отсуство.**

– поденесено е барање од ас.д-р Гордана Петковска, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, за одобрување на платено отсуство започнувајќи од 03.03.2025 до 30.05.2025 година, поради стручно доусовршување (clinical fellowship) кое ќе се одвива на Онколошкиот институт во Љубљана, Словенија.

За ова барање има согласност од раководителот на Катедрата за онкологија со радиотерапија и Решение за платено отсуство од директорот на клиниката.

**Кадровскиот одбор му предлага на ННС да даде согласност за ова платено отсуство.**

Декан,
Проф.д-р Светозар Антовиќ, с.р.

## ИЗВЕШТАЈ ОД НАСТАВЕН ОДБОР

Наставниот одбор на Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржа седница на ден 13.2. 2025 година, со следниов дневен ред:

1. Разгледување предлог-комисии за одбрана на дипломски работи за студентите од академските студии по логопедија.
2. Усвојување на распоредот за летниот семестар 2024/25 (достапен на веб-страната на факултетот)
3. Разно

**1.** Разгледани беа **предлог-комисиите** за одбрана на дипломски работи за студентите од академските студии по логопедија. Исто така, се разгледаа и **предлог-темите** за изработка на дипломски работи на студентите од академските студии по логопедија Членовите на наставниот одбор едногласно ги прифатија предложените комисии и теми.

**I. Предлог-комисии за одбрана на дипломски работи за студентите од академските студии по логопедија**

1. Драгана Димоска (бр.индекс 80076/ДЛ)

Тема: Улогата на логопедот во дијагностичките процедури кај говорно јазичните нарушувања

Ментор: Доц. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Доц. д-р Татјана Георгиевска Јанческа
2. Доц. д-р Весна Лазаровска
3. Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска

2. Николина Соколовска Мазнев (бр.индекс 800106/ДЛ)

Тема: Топографска анатомија на органскиот простор на вратот

Ментор: Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска 2.
2. Проф. д-р Аце Додевски
3. 3. Доц. д-р Горан Павловски

3. Теодора Соколовска (бр.индекс 800125/ДЛ)

Тема: Фази во развојот на когнитивните процеси

Ментор: Проф. д-р Бети Дејанова

Предлог на членови за рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Бети Дејанова
2. Доц. д-р Весна Лазаровска
3. Доц. д-р Татјана Георгиевска Јанческа

**II. Предлог-теми за изработка на дипломски работи на студентите од академските студии по логопедија**

Ментор: проф. д-р Наталија Долненец Банева

1. Логопетски пристап во третманот на орофарингеалната дисфагија од различна етиологија
2. Логопетски пристап во третманот на езофаригеалната дисфагија од различна етиологија
3. Логопедот дел д мултидисциплинарниот тим во третманот на дисфагијата
4. Дисфагија кај церебрална парализа-учество на логопедот во третманот
5. Млада адолесценска возраст и дислексија-учинокот на логопетскиот третман

**2. Распоредот за летниот семестар во академската 2024/25** (достапен на веб-страната на факултетот) беше едногласно усвоен.

**3. Разно**

Членовите на наставниот одбор едногласно го прифатија предлогот студентите од тригодишните стручни студии кои се префрлаат од стара во нова студиска програма да се задолжат да ги регулираат обврските кон предметот Спорт и здравје пред да започнат со постапката за одбрана на дипломска работа.

Исто така, членовите на наставниот одбор едногласно прифатија на студентите кои запишуваат XI и XII семестар, а имаат предмети за преслушување, да им се дозволи запишување на потребниот број кредити за да можат да ги обавуваат предвидените пракси.

Членовите на наставниот одбор беа известени за функционирањето на електронскиот пристап до учебници на Медицински факултет ebook.medf.ukim.edu.mk. Се дискутираше и за техничките проблеми со iknow системот, како и за реализирањето на сесијата. Повторно беше потенцирано студентите кои ги немаат електронски пријавено испитите да не се примаат на полагање.

Продекан за настава

Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ ОД НАСТАВНО НАУЧЕН КОЛЕГИУМ ЗА ЈАВНО ЗДРАВСТВО

Наставно – научниот колегиум за јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје одржа состанок на **20.02.2025година во 13 часот**. На состанокот присуствуваа мнозинството од членовите на Колегиумот.

По однос на предложените точки од дневниот ред и извршеното гласање, Наставно – научниот колегиум за јавно здравство, на Наставно-научниот совет го предлага следното:

***1. Усвојување на извештај од комисија за оцена на магистерски труд од:***

***а) Јане Стојановски*** на тема:„Влијанието на Дијабетес Мелитус тип 2 врз јаглехидратниот и липидниот статус кај пациентите со регулиран дијабетес".

Рецензијата дадена од страна на комисијата за оценка на магистерски труд е позитивна и Наставно – научниот колегиум по јавно здравство едногласно ја прифати.

***б) Тара Мојсовска*** на тема: „Хронична миелоидна леукемија третирана со инхибитор на тирозин киназа- јавноздравствени аспекти"

Рецензијата дадена од страна на комисијата за оценка на магистерски труд е позитивна и Наставно – научниот колегиум по јавно здравство едногласно ја прифати.

***в) Мери Лазарова*** на тема: „Квалитет на живот поврзан со оралното здравје (OHRQoL) кај пациенти со парцијална и тотална беззабост"

Рецензијата дадена од страна на комисијата за оценка на магистерски труд е позитивна и Наставно – научниот колегиум по јавно здравство едногласно ја прифати.

***г) Ѓулсевер Асани Куќи*** на тема: „Влијание на ноќната работа врз здравјето и работната способност кај здравствените работници"

Рецензијата дадена од страна на комисијата за оценка на магистерски труд е позитивна и Наставно – научниот колегиум по јавно здравство едногласно ја прифати

***2.Формирање на комисии за одбрана на магистерскии труд по пријава од кандидат:***

***а) Јане Стојановски*** на тема: „Влијанието на Дијабетес Мелитус тип 2 врз јаглехидратниот и липидниот статус кај пациентите со регулиран дијабетес", се предлага комисија во состав:

1. Проф.д-р Бети Зафирова Ивановска
2. Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска
3. Проф. д-р Ирина Павловска

***б) Тара Мојсовска*** на тема: „Хронична миелоидна леукемија третирана со инхибитор на тирозин киназа- јавноздравствени аспекти", се предлага комисија во состав:

1. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска
2. Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска
3. Проф. д-р Елена Ќосевска

***в) Мери Лазарова*** на тема: „Квалитет на живот поврзан со оралното здравје (OHRQoL) кај пациенти со парцијална и тотална беззабост", се предлага комисија во состав:

1. Проф.д-р Моме Спасовски-ментор
2. Проф. д-р Фимка Тозија
3. Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска

***г) Ѓулсевер Асани Куќи*** на тема: „Влијание на ноќната работа врз здравјето и работната способност кај здравствените работници“, се предлага комисија во состав:

1. Проф.д-р Драган Мијакоски
2. Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска
3. Проф. д-р Сашо Столески

***3. Разно – Реализација на активности за промоција на последипломските студии по јавно здравство***

Се дискутираше за прогресот на активностите од извештајот од претходниот состанок на наставно-научниот колегиум за јавно здравство усвоен од Наставно-научниот совет: испратен званичен допис од Медицински факултет до ASPHER дека проф. д-р Фимка Тозија е номинирана за координатор на Центарот за јавно здравство како претседател на Наставно-научниот колегиум за јавно здравство, како што било пракса и порано кога претседателот на Одборот за јавно здравство бил координатор; направен е список на студентите на последипломски студии по јавно здравство кои ги завршиле студиите и кои се во тек; разгледани се апликациии за ростер на алумни по јавно здравство, како и реализираните активности од Центарот за јавно здравство во изминатиот период.

Се заклучи Одделението за последипломски студии да испрати емаил до студентите на последипломски студии по јавно здравство од претходни генерации кои се зинтересирани за продолжување на студиите со информација за условите за продолжување на истите; да провери кој ја одржува веб страницата на Факултетот и да се испитаат можностите за креирање апликација за ростер на алумни по јавно здравство; да се провери кога е следната реакредитација на последимпломските студии по јавно здравство и кои се условите за акредитација на програмата на англиски јазик.

Колегиумот донесе одлука да се формира работна група која ќе има задача да ги реализира активностите за промоција на програмата за последипломските студии по јавно здравство и тоа: акредитација на програмата на англиски јазик, подготовка на ростер и алманах на магистри и дктори на науки по јавно здравство и одржување на меѓународна конференција по јавно здравство во декември 2025г., во состав: претседател на наставно-научен колегиум за јавно здравство и раководител на катедрата за социјална медицина, раководители на катедрите за епидемиологија, хигиена и медицина на труд, раководител на советот за трет циклус докторски студии по јавно здравство, секретар на Факултетот и раководител на Одделението за последимпломски студии.

Претседател на Наставно научен колегиум

Проф д-р Фимка Тозија

**Извештај**

На ден 21. 02.2025 година се одржа Седница на Одборот за Меѓународна соработка на ННС, со присуство на следните членови на одборот:

1. Проф. д-р Саша Јовановска Мишевска
2. Проф. д-р Стојан Бајрактаров
3. Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигоровска
4. Проф. д-р Билјана Кузмановска
5. Доц. д-р Габриела Новотни
6. Проф. д-р Тони Ристески

Заради спреченост да присуствуваат на одборот за Меѓународна соработка се најавија проф. д-р Јасмина Тројачанец, проф. д-р Фимка Тозија, проф. д-р Горан Димитров проф. д-р Симонида Црвенкова и проф. д-р Миле Босилковски за кои едногласно се согласни со точките од дневниот ред.

## *Дневен ред*

1. ***Предлог иницирање на нов билатерален ЕРАЗМУС+ договор со Katip Celebi University од Измир, Р.Турција***

- Информации за Универзитетот:

Катип Челеби (İKÇÜ) е јавен универзитет лоциран во Измир, Турција. Основан е во 2010 година, но брзо се развива во значајна институција во регионот. Универзитетот има 13 факултети во својот состав, меѓу кои, Медицински факултет и Факултет за здравствени науки. Во 2024 година, според UniRank, İKÇÜ е рангиран на 5219 место во светот, а на 108. место во Турција. Не е рангиран на Шангајската листа. Универзитетот е препознатлив по своите резултати од истражување и академска репутација, особено во областа на инженерството и здравствените науки. Универзитетот има широка меѓународна соработка, активно учествувајќи на бројни меѓународни програми, поттикнувајќи соработка со институции ширум светот. Преку иницијативи како програмата Еразмус+, студентите и вработените имаат можности за размена на искуства развој и подобрување на образовното искуство.

Предлогот за иницирање на нов билатерален ЕРАЗМУС+ договор со Катип Челеби Универзитетот во Измир е **едногласно усвоен. Се поднесува пред ННС за одлука.**

2. ***Извештај за испратени студенти за ЕРАЗМУС + мобилност на партнерските медицински факултети во академската 2024/2025 година;***

За летниот семестар 2024/2025 година испратени се вкупно 14 студенти за ЕРАЗМУС+ мобилност на следните партнерски медицински факултети:

2 студенти на Медицинскиот факултет во Сплит-Хрватска, 2 студенти на Медицинскиот факултет во Осијек-Хрватска, 2 студенти на Медицинскиот факултет во Белград-Србија, 2 студенти на Медицинскиот факултет во Л'аквила-Италија, 4 студенти на Медицинскиот факултет во Истанбул-Турција, 1 студент на Медицинскиот факултет во Фоџија-Италија и 1 студент на Медицинскиот факултет во Безансон-Франција.

- ***Извештајот е едногласно усвоен.***

3. ***Разно***

Предлог за Визитинг професори од катедрите по интерна медицина и хирургија

*Ad.1.* Катедрата за интерна медицина по предлог од Стручниот колегиум при Клиниката за нефрологија за визитинг професор да биде предложен проф. д-р Зиад Маси од Франција.

Предлогот е **едногласно усвоен. Се поднесува пред ННС за одлука.**

*Ад.2.* Катедрата за хирургија, по одржаниот состанок на координативното тело од страна на координаторот од Клиниката за урологија за визитинг професори ги предлага:

- проф. д-р Емре Хури, уролог, редовен професор по урологија на Универзитетот ,,Hacettepe” во Анкара, Р.Турција.
  Предлогот е **едногласно усвоен. Се поднесува пред ННС за одлука.**

- проф. д-р Живојин Јоњев, кардиохирург и началник на Одделение за хируршко лекување на стекнати и вродени заболувања на срце, професор на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Нови Сад, Р.Србија.
  Предлогот е **едногласно усвоен. Се поднесува пред ННС за одлука.**

*Ад.3.* Барање од проф. д-р Катарина Ставриќ од катедрата по Семејна медицина за поднесување на апликација за учество во меѓународен ЕРАЗМУС+ проект (KA220-VET). Предлог проектот е под наслов "Подобрување на квалитетот на примарната здравствена заштита во Југоистична Европа преку стандардизација на работа и модели за континуирана обука (EQUAL-Health). Подносител на проектот и водечки партнер би бил Community Health Centre Ljubljana, Slovenia. Проектот би траел 36 месеци. Предлог проектот е во фаза на апликација, поради што не е точно утврден буџетот, но учесниците во проектот изјавуваат дека Медицински факултет, УКИМ во Скопје, нема да има никакви финансиски обврски.

Предлогот е **едногласно усвоен. Се поднесува пред ННС за одлука.**

24.02.2025 — Продекан за меѓународна соработка
Скопје — Вонр. Проф. д-р Рубенс Јовановиќ, с.р.

**PROJECT INFORMATION FORM**

| | |
|---|---|
| **Name-Surname of the Project Owner:** | Prof. Dr. Zalika Klemenc Ketis |
| **Applicant** | Community Health Centre Ljubljana, Slovenia (lead partner) |
| **E-mail:** | zalika.klemenc-ketis@zd-lj.si |
| | |
| **AppliedProjectType:** | Cooperation partnerships in vocational education and training (KA220-VET) |

| | |
|---|---|
| **Project Title** | **Enhancing the Quality of Primary Healthcare in Southeast Europe through Work Standardization and Continuous Training Models (EQUAL-Health)** |
| **Project Summary**<br><br>**(Objective,Core Activities Etc.)** | **Project Objectives:** The project aims to improve healthcare education quality, workforce readiness, and continuous quality improvement across partner countries.<br>Key objectives include:<br>• Creating a scalable training framework utilizing experiential learning and simulation.<br>• Designing uniform, locally tailored care models.<br>• Establishing a network of certified instructors for basic and advanced simulation-based training.<br>• Educating healthcare professionals on principles and practices of continuous quality improvement (QI) to ensure ongoing enhancement of care standards.<br><br>**Implementation:** The project will train healthcare instructors in basic and advanced simulation techniques, ensuring a scalable and sustainable training model. The advanced-level training will cover debriefing, scenario facilitation, and simulation center management. A train-the-trainer model will embed training into healthcare institutions and vocational programs, supported by mentorship and recertification processes. A locally adapted instructor handbook will provide guidance on simulation techniques and best practices.<br>A standardized triage protocol based on WHO and European healthcare guidelines will be developed, tailored to local contexts. A blended-learning training program will teach triage decision-making, patient prioritization, and emergency response through workshops, e-learning, and case-based learning. Training materials will be customized to fit local policies and resources, ensuring accessibility and consistency. |

Pilot simulation-based training programs will be implemented in primary care settings, addressing emergency response, teamwork, and patient-centered care. Feedback from participants and experts will refine training methodologies. Continuous quality improvement modules will be developed, covering patient care monitoring, data collection, and evidence-based decision-making, delivered via workshops and digital platforms. A quality improvement roadmap will be created and piloted to standardize improvement efforts across vocational education and healthcare systems.

**Expected Outcomes:**

- A well-trained healthcare workforce proficient in simulation-based training and triage decision-making.
- Standardized triage protocols improving patient safety and resource allocation.
- Development of reusable training materials, including manuals and e-learning modules.
- A sustainable train-the-trainer model integrated into national policies.
- A validated quality improvement roadmap embedded into vocational education and healthcare institutions.
- Strengthened cross-border collaboration and knowledge exchange on quality improvement.
- Enhanced emergency preparedness, equitable healthcare access, and long-term partnerships between vocational education providers and healthcare institutions.

This initiative will reduce disparities in care quality, promote best practices, and ensure sustainability through institutional support and continuous evaluation.

<table>
<tr><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td>Project Duration</td><td>36 months</td></tr>
<tr><td>Project Budget<br>(Total)</td><td>in the preparatory phase of the application, the budget has not yet been determined ~400.000 EUR</td></tr>
<tr><td>Partner Organisations<br><br>and<br><br>Countries</td><td>1. Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, North Macedonia<br>2. Dokuz Eylul University,Izmir, Turkey<br>3. Association Of Doctors of Family Medicine Of South-east Europe</td></tr>
</table>

Erasmus+ Application **EQUAL Health**

(Cooperation Partnership lump sum project in the field of vocational education: KA 220-VET)

**Подобрување на квалитетот на примарната здравствена заштита во Југоисточна Европа преку стандардизација на работа и модели за континуирана обука (EQUAL-Health)**

**Цели на проектот**: Проектот има за цел да го подобри квалитетот на здравствената едукација, подготвеноста на работната сила и постојаното подобрување на квалитетот на примарно ниво низ земјите партнери.

Клучните цели вклучуваат:

- Креирање на скалеста рамка за обука со користење на искуствено учење и симулација.
- Дизајнирање униформни, локално приспособени модели за грижа.
- Воспоставување мрежа на сертифицирани инструктори за основна и напредна обука базирана на симулација.
- Едукација на здравствените работници за принципите и практиките на континуирано подобрување на квалитетот (QI) за да се обезбеди тековно подобрување на стандардите за здравствена гижа.

**Имплементација:** Проектот ќе ги обучи инструктори од примарна здравствена заштита за основни и напредни техники за симулација, обезбедувајќи скалест и одржлив модел на обука. Обуката на напредно ниво ќе опфати дебрифинг, олеснување на сценаријата и управување со центар во кој ќе се обавува едукација со симулација. Моделот за обучување на обучувачи ќе ја вгради обуката во здравствените институции и професионалните програми за континуирана медицинска едукација, поддржани од процесите на менторство и ресертификација. Локално прилагоден прирачник за инструктори ќе обезбеди насоки за техниките и најдобрите практики за едукација со симулација.

Ќе се развие стандардизиран протокол за тријажа заснован на СЗО и европските упатства за здравствена заштита, приспособен на локалниот контекст. Програма за едукација ќе ги научи здравствените работници од примарна здравствена заштита на донесување одлуки за тријажа, приоритизација на пациентите и одговор во итни случаи преку работилници, е-учење и учење засновано на случаи. Материјалите за обука ќе

бидат приспособени за да одговараат на локалните политики и ресурси, обезбедувајќи пристапност и конзистентност.

Програмите за пилот обука за едукација со симулација ќе се имплементираат во примарната здравствена заштита, ќе опфати одговор во итни случаи, тимска работа и грижа насочена кон пациентот. Повратните информации од учесниците и експертите ќе доведат до усовршување на методологијата за обука. Ќе се развијат модули за континуирано подобрување на квалитетот, кои опфаќаат следење на грижата за пациентите, собирање податоци и донесување одлуки базирани на докази, доставени преку работилници и дигитални платформи. Ќе биде креиран и пилот патоказ за подобрување на квалитетот за да се стандардизираат напорите за подобрување во системите за стручно усовршување и едукација и здравствени системи.

**Очекувани резултати:**

- Добро обучена здравствена работна сила, вешт во обука заснована на симулација и донесување одлуки за тријажа.
- Стандардизирани протоколи за тријажа кои ја подобруваат безбедноста на пациентот и распределбата на ресурсите.
- Развој на материјали за обука за повеќекратна употреба, вклучувајќи прирачници и модули за е-учење.
- Одржлив модел „Обука на едукатори" интегриран во националните политики.
- Потврден патоказ за подобрување на квалитетот, вграден во професионалната едукација и во здравствените институции.
- Зајакната прекугранична соработка и размена на знаења за подобрување на квалитетот.
- Засилена подготвеност за итни случаи, правичен пристап до здравствена заштита и долгорочни партнерства помеѓу давателите на стручно образование и здравствените институции.

Оваа иницијатива ќе ги намали разликите во квалитетот на грижата, ќе ги промовира најдобрите практики и ќе обезбеди одржливост преку институционална поддршка и континуирана евалуација.

Проф д-р Катарина Ставриќ
Центар за семејна медицина
Медицински Факултет УКИМ Скопје

## EQUAL Health -

Improving vocational education in primary healthcare through standardized protocols, continuous training, and equitable access in underserved areas, while fostering international collaboration to address global healthcare challenges.

**Relevance of the project**

**Priorities and Topics**

All project proposals under the Erasmus+ Programme should contribute to one or more of the programme's policy priorities.

Please select the most relevant priority according to the objectives of your project.

VET: Improving quality assurance in vocational education and training.

If relevant, please select up to two additional priorities according to the objectives of your project.

VET: Contributing to innovation in vocational education and training

VET: Adapting vocational education and training to labour market needs



# ИЗВЕШТАЈ ОД ОДБОРОТ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Членовите на Одборот за издавачка дејност на Медицинскиот факултет одржа состанок на ден **14.02.2025** година, **преку средствата за електронска комуникација (e-mail)** и произнесувајќи се по точките од дневниот ред, го донесе следниов извештај кој го доставува до членовите на ННС:

1. ***Формирање на рецензентска комисија за:***

а) Учебник со наслов: **„Медицинска микробиологија-општ дел"** наменет за студентите од тригодишните стручни студии по медицинско лабораториска дијагностика од авторите: проф.д-р Елена Трајковска Докиќ, автор и уредник, проф.д-р Никола Пановски, проф.д-р Гордана Јанкоска, проф.д-р Жаклина Цековска, проф.д-р Весна Котевска, проф.д-р Ана Кафтанџиева, проф.д-р Тања Грдановска, проф.д-р Маја Јурхар Павлова, в.н.сор.д-р Гордана Мирчевска, в.н.сор.д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска, н.сор.д-р Кирил Михајлов, н.сор.д-р Марко Костовски и ас.д-р Радомир Јовчевски, од Катедрата за микробиологија со паразитологија. Одборот за издавачка дејност на ННС му ја предлага следната Рецензентска комисија во состав:

**1. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска**
**2. Проф.д-р Бети Дејанова**

б) Учебник со наслов: **„Медицинска бактериологија и вирусологија-специјален дел"** наменет за студентите од тригодишните стручни студии по медицинско лабораториска дијагностика од авторите: проф.д-р Елена Трајковска Докиќ, автор и уредник, проф.д-р Никола Пановски, проф.д-р Гордана Јанкоска, проф.д-р Жаклина Цековска, проф.д-р Весна Котевска, проф.д-р Ана Кафтанџиева, проф.д-р Тања Грдановска, проф.д-р Маја Јурхар Павлова, в.н.сор.д-р Гордана Мирчевска, в.н.сор.д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска, н.сор. д-р Кирил Михајлов, н.сор.д-р Марко Костовски и ас.д-р Радомир Јовчевски, од Катедрата за микробиологија со паразитологија. Одборот за издавачка дејност на ННС му ја предлага следната Рецензентска комисија во состав:

**1. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска**
**2. Проф.д-р Бети Дејанова**

в) Учебник со наслов: **„Медицинска микологија и паразитологија"** наменет за студентите од тригодишните стручни студии по медицинско лабораториска дијагностика од авторите: проф.д-р Елена Трајковска Докиќ, автор и уредник, проф.д-р Никола Пановски, проф.д-р Гордана Јанкоска, проф.д-р Жаклина Цековска, проф.д-р Весна Котевска, проф.д-р Ана Кафтанџиева, проф.д-р Тања Грдановска, проф.д-р Маја Јурхар Павлова, в.н.сор.д-р Гордана Мирчевска, в.н.сор.д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска, н.сор. д-р Кирил Михајлов, н.сор.д-р Марко Костовски и ас.д-р Радомир Јовчевски, од Катедрата за микробиологија со паразитологија. Одборот за издавачка дејност на ННС му ја предлага следната Рецензентска комисија во состав:

**1. Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска**
**2. Проф.д-р Бети Дејанова**

2. Донесување на Одлука за утврдување на цена на чинење на учебникот „**Медицина на трудот за тригодишни стручни студии и академските студии по логопедија“** во издание на Медицинскиот факултет во Скопје.

- Одборот за издавачка дејност му предлага на ННС да ја усвои следната цена на чинење на печатеното учебно помагало „**Медицина на трудот за тригодишни стручни студии и академските студии по логопедија“** во издание на Медицинскиот факултет во Скопје **од 640,00 денари.**

***3. Донесување на Одлука за печатење на рецензирани учебници/учебни помагала:***

Одборот за издавачка дејност му предлага на ННС да донесе одлуки за печатење на следните учебници/учебни помагала:

а) Учебник со практикум со наслов: **„Трансфузиологија“**од авторите: проф.д-р Татјана Макаровска Бојаџиева, проф.д-р Емилија Велкова, н.сор.д-р Виолета Дејанова Илијевска, ас.д-р Елена Петковиќ, ас.д-р Елена Ристовска и ас.д-р Бојан Тодоровски од Катедра за трансфузиологија во **тираж од 300 примероци.**

б) Монографија со наслов: **„Фактори на ризик за настанување, дијагноза и третман на цервикална интраепителна неоплазма (CIN)“** од авторот проф.д-р Горан Димитров, од Катедра за гинекологија и акушерство **во тираж од 100 примероци**

Претседател на
Одборот за издавачка дејност
Проф. д-р Људмила Ефремовска, с.р.

**ИЗВЕШТАЈ ОД ОДБОРОТ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Членовите на Одборот за издавачка дејност на Медицинскиот факултет одржа состанок на ден **21.02.2025** година, **преку средствата за електронска комуникација (e-mail)** и произнесувајќи се по точките од дневниот ред, го донесе следниов извештај кој го доставува до членовите на ННС:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

***1.Формирање на рецензентска комисија за:***

а) Практикум со наслов: **„Практикум по ортопедска пропедевтика“** наменет за студентите по општа медицина, студентите на високата школа за физиотерапевти и студентите на високата школа медицински сестри/техничари од авторите: проф.д-р Зоран Божиновски, проф.д-р Милан Самарџиски, проф.д-р Даниела Георгиева, проф.д-р Розе Цолева Толевска, проф.д-р Марта Фотева, доц.д-р Александар Савески, н.сор.д-р Ненад Атанасов, н.сор.д-р Алан Андоновски, н.сор.д-р Вилијам Велковски, насл.доц.д-р Антонио Гавриловскинасл.доц.д-р Нерон Поповски, ас.д-р Милена Богоевска Доксевска, ас.д-р Игор Атанасовски, ас.д-р Дејан Дамјановиќ и доц.д-р Александар Трајановски од УГД-Штип, од Катедрата за ортопедија. Одборот за издавачка дејност на ННС му ја предлага следната Рецензентска комисија во состав:

1. **Проф.д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска**
2. **Проф.д-р Симон Трпески**

б) Учебник со наслов: **„Медицинска психологија и социологија“** наменет за студентите по медицина од авторите: в.н.сор.д-р Андромахи Наумовска, проф.д-р Димитар Боневски, проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска и проф.д-р Антони Новотни, од Катедрата за психијатрија и медицинска психологија. Одборот за издавачка дејност на ННС му ја предлага следната Рецензентска комисија во состав:

1. **Проф.д-р Викторија Вујовиќ**
2. **Проф.д-р Сања Манчевска**

в) Учебник со наслов: **„Психијатрија“** наменет за студентите по медицина од главните уредници: проф.д-р Антони Новотни, проф.д-р Димитар Боневски, проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска, и авторите: проф.д-р Антони Новотни, проф.д-р Димитар Боневски, проф.д-р Славица Арсова Хаџи Анѓелковска, проф.д-р Ненси Манушева, проф.д-р Лилјана Игњатова, проф.д-р Кадри Хаџихамза, проф.д-р Виктор Исјановски, проф.д-р Зоја Бабинкостова, проф.д-р Стојан Бајрактаров, проф.д-р Елизабет Мицева, в.н.сор.д-р Андромахи Наумовска, доц.д-р Ана Филипче, доц.д-р Габриела Новотни и проф.д-р Викторија Вујовиќ, од Катедрата за психијатрија и медицинска психологија. Одборот за издавачка дејност на ННС му ја предлага следната Рецензентска комисија во состав:

1. **Проф.д-р Гордана Китева Тренчевска**
2. **Проф.д-р Сања Манчевска**

Претседател на
Одборот за издавачка дејност
Проф. д-р Људмила Ефремовска, с.р.

# РЕЦЕНЗИИ ЗА ДЕМОНСТРАТОРИ

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
Примено: 31.01.2025
Орг. един.: 02 Број: 529/1 Прилог: Вредност:

РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА ДЕМОНСТРАТОР НА КАТЕДРАТА ЗА ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ОПШТА МЕДИЦИНА И ОД ОСТАНАТИТЕ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ ОД ТРИГОДИШНИТЕ СТРУЧНИ СТУДИИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, донесена на XIII-та редовна седница одржана на 25.12.2025 година, одредени се членови на Рецензентската комисија во состав: **Проф. Д-р Лена Какашева- Маженковска, Доц. Д-р Ирена Костадинова Петрова, Проф.Д-р Билјана Зафирова** за избор на еден (1) демонстратор на Катедрата за хистологија и ембриологија по предметите МОРФОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКА, ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА 1 И 2 од студиската програма по општа медицина, ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА од студиската програма по дентална медицина, АНАТОМИЈА СО ХИСТОЛОГИЈА И ХИСТОЛОГИЈА од останатите студиски програми од тригодишните стручни студии.

На објавениот конкурс се пријавија пет (5) кандидати: Марија Марковска, Елиза Хенту, Мила Ложанкоска, Матеј Трајчески, Марија Лазареска, а во врска со објавениот оглас од 13.01.2025 година.

Врз основа на поднесените документи и биографиите на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Марија Марковска**

Марија Марковска е родена на 07.10.2000 година во Прилеп. Основно и средно образование завршила во Прилеп со континуиран одличен успех. Таа е редовен студент на VI-та година на Медицински факултет, насока општа медицина со положени 54 задолжителни и 6 изборни предмети со просечна оцена 9,25 и вкупно 289 освоени кредити

Марија Марковска има познавање на англиски јазик C2 и германски јазик C1 .

Член е на ЕМСА, ММСА, ЗСМ и активно учествува во низа проекти.

Кандидатката не се појави на закажаниот состанок за да се презентира како можен кандидат за демонстратор.

**Елиза Ханту**

Елиза Ханту е родена на 02.06.2000 во Битола. Основно и средно образование завршила во Битола со континуиран одличен успех. Таа е редовен студент на VI-та година на Медицински факултет, насока општа медицина со положени 56 задолжителни и 4 изборни предмети со просечна оцена 8,7 и вкупно 300 освоени кредити.

Елиза Ханту има познавање на англиски јазик Б2ниво и француски јазик Б1 ниво . Член е во студентски организации и активно учествува во низа здраствени кампањи. Има одлична способност за интеракција и коминикација со луѓе од различни социјални средини како и елоквентност при јавно говорење.

**Мила Ложанкоска**

Мила Ложанкоска е родена на 06.07.2000година во Охрид. Основно и средно образование завршила во Охрид со континуиран одличен успех. Таа е редовен студент на VI-та година на Медицински факултет, насока општа медицина со положени 55 задолжителни и 6 изборни предмети со просечна оцена 9.23 и вкупно освоени 298 кредити.

Мила Ложанкоска има познавање на англиски јазик. Член е во студентски организации.Има одлична способност за интеракција и коминикација со луѓе од различни социјални средини како и елоквентност при јавно говорење.

**Матеј Трајчевски**

Матеј Трајчевски е роден на 08.05.2001 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Тој е редовен студент на VI-та година на Медицински факултет, насока општа медицина со положени 56 задолжителни и 6 изборни предмети со просечна оцена 9,18 и вкупно 302 освоени кредити.

Матеј Трајчевски има познавање на англиски јазик С1 ниво и француски јазик Б2 ниво. Член е во студентски организации и има особен интерес кон здав начин на живот и поврзаност со природата. Има добраа способност за интеракција и коминикација со луѓе од различни социјални средини како и елоквентност при јавно говорење.

**Марија Лазареска**

Марија Лазареска е родена на 04.02.1999 година во Охрид. Основно и средно образование завршила во Охрид со континуиран одличен успех. . Таа е редовен студент на VI-та година на Медицински факултет, насока општа медицина со положени 44 задолжителни и 6 изборни предмети со просечна оцена 9,3 и вкупно 253,5 освоени кредити.

Марија Лазареска има познавање на англиски јазик С1 ниво и германски јазик Б1 ниво. Стипендист на Фондацијата „Трајче Мукаетов" во 2021 година. 2024 година имала едно месечен престој и пракса во Нинберг , Германија.

Има добра способност за интеракција и коминикација со луѓе од различни социјални средини како и елоквентност при јавно говорење.

**Заклучок и предлог**

Комисијата имаше тешка задача , за кој кандидат да се одлучи со оглед на фактот дека сите кандидати покажаа одлични резултати.

Кандидатот **Мила Ложанкоска** според доставената документација , високиот просек и големиот број на освоени кредити во текот на студирањето , учеството во низа проекти и активности во текот на студирањето како и одлична способност за интеракција и коминикација со луѓе како и елоквентност при јавно говорење беа пресудни за нашата одлука.

Врз основа на изнесеното и познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да се избере студентката **Мила Ложанкоска** , за демонстратор на Катедрата за хистологија и ембриологија по предметите МОРФОЛОГИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КЛЕТКА, ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА 1 И 2 од студиската програма по општа медицина, ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА од студиската програма по дентална медицина, АНАТОМИЈА СО ХИСТОЛОГИЈА И ХИСТОЛОГИЈА од останатите студиски програми од тригодишните стручни студии.

Скопје, 31. 01. 2024

**Рецезентска комисија:**

**1.Вон.Проф. д-р Лена Какашева-Маженковска**

**2. Доц. д-р Ирена Костадинова -Петрова**

**3. Проф. д-р. Билјана Зафирова**

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје

| Примено: | 28.01.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 443/1 | | |


# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗБОР НА 1 ДЕМОНСТРАТОР
# ЗА ПРЕДМЕТИТЕ ХИГИЕНА, ХИГИЕНА И ЕКОЛОГИЈА И ЗДРАВСТВЕНА ЕКОЛОГИЈА
# НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, донесена на XIII редовна седница, одржана 25.12.2024 г., одредена е рецензентска комисија за избор на 1 демонстратор на Катедрата по хигиена за предметите: хигиена на студиската програма по општа медицина, хигиена и екологија за академските студии за дипломирани логопеди и здравствена екологија за тригодишните стручни студии за медицинско лабораториска дијагностика, во состав:

1. проф. д-р Гордана Ристовска
2. проф д-р Игор Спироски
3. проф. д-р Мирјана Димовска

На интерниот конкурс на медицински факултет за избор на еден демонстратор на Катедрата по хигиена, објавен на 13.01.2025, се пријавија вкупно 5 редовни студенти: Вероника Станоевска, бр. на индекс 19440, Јовица Димовски, бр. на индекс 20077, Марија Марковска со бр. на индекс 19359, Елиза Хенту бр. на индекс 19382 и Рената Стојменова со бр. на индекс 18615. Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

По увидот во документите рецензентската комисија утврди дека сите кандидати ги задоволуваат формалните и суштинските барања за избор за демонстратор на Катедрата по хигиена.

Редовниот студент на студиската програма по општа медицина Вероника Станоевска, со бр. на индекс 19440, родена е на 19.05. 2000 во Скопје, со вкупно освоени 301 кредити со средна оценка 9,66, покажува интерес за истражувачка работа и соработка.

Јовица Димовски, роден на 10.02.2002 во Велес, редовен студент на студиската програма по општа медицина со бр. на индекс 20077, со вкупно 180 кредити и средна оценка 9.68.

Марија Марковска, родена 7.10.2000 во Прилеп, редовен студент на студиската програма по општа медицина со бр. на индекс 19359, со вкупно освоени 302 кредити, со средна оценка 9,24, покажува интерес за истражувачка работа и соработка.

Елиза Хенту, родена на 2.06.2000 во Битола, редовен студент на студиската програма по општа медицина, бр. на индекс 19382, со вкупно освоени 300 кредити, со средна оцена 8,7.

Рената Стојменова, родена на 9.01.1998, редовен студент, бр.на индекс 18615, со вкупно освоени 300 кредити, со средна оцена 8,31.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Студентот Вероника Станоевска, со освоени 301 кредит со средна оценка 9.66, највисок просек меѓу студентите со постигнати 300 кредити и врз основа на покажан интерес за истражувачка работа и јавното здравство, се издвојува од сите кандидати.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да ја предложи Вероника Станоевска на Наставно-научниот совет да ја избере за демонстратор за предметите: хигиена на студиската програма по општа медицина, хигиена и екологија за студентите на академските студии за дипломирани логопеди и здравствена екологија за тригодишните стручни студии за медицинско лабораториска дијагностика за академската 2024/2025 година.

**Рецензентска комисија**

1. проф. д-р Гордана Ристовска
2. проф д-р Игор Спироски
3. проф. д-р Мирјана Димовска

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
Примено: 23.01.2025
| Орг. един. | Број: | Предлог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 02 | 357/1 | | |

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Катедра за ... трудот
Бр 05/01
22.01 2025 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА ДЕМОНСТРАТОРИ НА КАТЕДРАТА ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ ПО ПРЕДМЕТОТ МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА И ОСТАНАТИТЕ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2024-2025 ГОДИНА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, бр. 02-91/27 од 20.01.2025 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на два демонстратора на Катедрата за медицина на трудот по предметот Медицина на трудот за студентите по општа медицина и останатите студиски програми за академската 2024-2025 година, а во врска со интерниот конкурс за демонстратор објавен на 13.01.2025 година.
На објавениот конкурс се пријавија кандидатите: Марија Марковска, Елиза Хенту, Јована Ристовска, Марија Лазареска, Александра Димовска, Матеј Трајчески, Ивана Димитрова, Давид Здравески и Викторија Симуноска.

Врз основа на поднесените документи и биографиите на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

**Марија Марковска** е родена на 07.10.2000 година. Основно и средно образование завршила во Прилеп со одличен успех. Редовен стидент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 6 изборни предмети, средна оценка 9,24 со вкупно 302 освоени кредити. Предметот Медицина на трудот го положила со оцена 10. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува на повеќе научно-едукативни настани во организација на студентските организации ММСА и ЕМСА. Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со англискиот и германскиот јазик.

**Елиза Хенту** е родена на 02.06.2000 година. Основно и средно образование завршила во Битола со одличен успех. Редовен студент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 4 изборни предмети, средна оцена 8,7 со вкупно 300 освоени кредити. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува на повеќе медицински конгреси и семинари и здравствени кампањи. Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со англискиот и францускиот јазик.

**Јована Ристовска** е родена на 12.02.2000 година. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Редовен студент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 5 изборни предмети, средна оценка 9,13 со вкупно 301 освоени кредити.

Предметот Медицина на трудот го положила со оцена 10. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува на повеќе медицински конгреси и семинари. Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со англискиот и српскиот/хрватскиот јазик.

**Марија Лазареска** е родена на 04.12.1999 година. Основно и средно образование завршила во Охрид со одличен успех. Редовен стидент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 44 задолжителни и 6 изборни предмети, средна оценка 9,3 со вкупно 253,5 освоени кредити. Предметот Медицина на трудот го положила со оцена 10. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето има остварено престој и пракса по интерна медицина во Нирнберг, Германија (06-08.2024 година), како и работно искуство како парамедик во Дубровник, Хрватска (2018 година). Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со англискиот и германскиот јазик.

**Александра Димовска** е родена на 01.01.2000 година. Основно и средно образование завршила во Битола со одличен успех. Редовен студент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 5 изборни предмети, средна оцена 8,13 со вкупно 301 освоени кредити. Предметот Медицина на трудот го положила со оцена 10. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува на повеќе медицински конгреси и семинари.

**Матеј Трајчески** е роден на 08.05.2001 година. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. Редовен стидент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 6 изборни предмети, средна оценка 9,18 со вкупно 302 освоени кредити. Предметот Медицина на трудот го положил со оцена 10. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува во собирање и обработка на медицински податоци во интерни научни истражувања. Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со англискиот и францускиот јазик.

**Ивана Димитрова** е родена на 19.11.2000 година. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Редовен стидент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 5 изборни предмети, средна оценка 8,62 со вкупно 301 освоени кредити. Предметот Медицина на трудот го положила со оцена 10. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува на повеќе медицински конгреси и семинари. Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со германскиот јазик.

**Давид Здравески** е роден на 10.12.1997 година. Основно и средно образование завршил во Прилеп со одличен успех. Завршил додипломски студии на Медицински факултет, УКИМ-Скопје, на 06.06.2022 година, со просечен успех 8,88 и вкупно 360 освоени кредити и се стекнал со звањето Доктор на медицина. Предметот Медицина на трудот го

положил со оцена 10. Тој е редовен студент на Втор циклус магистерски студии по Јавно здравство од учебната 2022/2023 година. Покрај постигнатите резултати на испитите, за време на студирањето, Давид Здравески активно учествувал на повеќе научно-едукативни настани во организација на студентските организации ММСА и ЕМСА при Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје и организацијата Cambridge Assessment English. Во тек на академската 2022/2023 и 2023/2024 година успешно ги извршуваше активностите на демонстратор по предметот Медицина на трудот.

**Викторија Симуноска** е родена на 13.10.2000 година. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Редовен стидент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје со запишан 11 семестар во академската 2024/2025 година со положени 56 задолжителни и 6 изборни предмети, средна оценка 9,18 со вкупно 302 освоени кредити. Предметот Медицина на трудот го положила со оцена 9. Покрај постигнатите резултати на испитите, во тек на студирањето активно учествува на повеќе медицински конгреси и семинари. Покрај мајчиниот македонски јазик, се служи со англискиот и германскиот јазик.

**Заклучок и предлог**

По анализата на доставената документација, формалноправниот аспект на исполнувањето на критериумите за избор, увидот и валоризирањето на професионалната активност на кандидатите и активноста во тек на теоретската и практичната настава по предметот Медицина на трудот и Клиничката пракса по јавно здравје за едниот кандидат, како и успешната работа како демонстратор по предметот Медицина на трудот во претходните две години за вториот кандидат, Рецензентската комисија го дава следниот предлог: Матеј Трајчески  и Давид Здравески се предлагаат за избор на демонстратори на Катедрата за медицина на трудот, а Марија Марковска, Елиза Хенту, Јована Ристовска, Марија Лазареска, Александра Димовска, Ивана Димитрова и Викторија Симуноска не се предложени за избор.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ги изберат Матеј Трајчески и Давид Здравески како демонстратори на Катедрата за медицина на трудот по предметот Медицина на трудот за студентите по општа медицина и останатите студиски програми за академската 2024-2025 година.

22.01.2025, Скопје

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Јордан Минов**

**Проф. д-р Драган Мијакоски**

**Проф. д-р Сашо Столески**

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје

| Примено: 30.01.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 523/1 | | |

ДО НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ НА

УКИМ МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицински факултет – Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и 458/2021-анекс) и член 53 од Правилникот за посебни услови и постапка за избор ва наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и 426/2019), а по предлог од Кадровскиот одбор на факултетот, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата **XII** редовна седница одржана на **10.12.2024** донесе одлука за формирање на комисија за избор на 1 демонстратор на Катедрата за социјална медицина по предметите: Вовед во медицина, Промоција на здравје и Социјална медицина со здравствена економија, за студиска програма по општа медицина, како и на Промоција на здравје, Јавно здравство, Здравствено и социјално законодавство и Здравствен менаџмент, за студиските програми на тригодишните стручни студии за академската 2024/2025, во состав:

Проф. д-р Фимка Тозија

Проф. д-р Елена Ќосевска

В. н. сор. д-р Данче Гудева Никовска

Комисијата по разгледување на доставената документација за интерниот конкурс распишан за демонстратор на Медицинскиот факултет на 13.01.2025г. го доставува следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

На интерниот конкурс се пријавија 4 кандидати: Марија Марковска редовен студент во 6 та студиска година на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св, Кирил и Методиј" во Скопје, Елиза Хенту редовен студент во 6 та студиска година на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет при Универтзитетот "Св. Кирил и Методиј", Озлем Зекмановска редовен студент во 6 та студиска година на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и м-р д-р Иван Панговски студент на трет циклус на студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" вработен на Институт за социјална медицина при Медицински факултет Скопје.

1. Марија Марковска е родена на 07.10.2000. Основно и средно образование завршила во Прилеп. На Медицинскиот факултет на студии по општа медицина се запишува во 2019 година и во моментов е редовен студент во 11 семестар во шеста година. Успехот остварен на студиите изнесува 9,24 со вкупно 302 освоени кредити.

Мајчин јазик и е македонскиот, а флуентно ги говори англискиот и германскиот јазик (нема доставено сертификати). Има познавања со работа на апликативните програми MS Office. (нема доставено сертификати)

Учествувала на бројни конгреси и семинари во периодот од 2019 до 2024 и тоа 9 организирани од ММСА, ЕМСА, од Здружение на студенти по медицина, преку Erasmus програмата и др. За учество на овие конгреси и семинари, кандидатот нема доставено докази од зборници или сертификати.

2. Елиза Хенту е родена на 02.06.2000 година. Основно и средно образование завршува во Битола со одличен успех. Медицинскиот факултет во Скопје го запишала во учебната 2019/2020 и е студент на 6 та година насока општа медицина 11 семестар. Има просечен успех 8,7 со вкупно 300 кредити.

Мајчин јазик и е македонскиот јазик, а има познавање на англиски и француски јазик (нема доставено сертификати).

Учествувала на медицински конгреси и семинари, доброволно учествувала во здравствени кампањи и членува во повеќе студентски организации.(нема доставено докази од зборници или сертификати).

3. Озлем Зекмановска е родена на 09.04.2000 година. Медицинскиот факултет во Скопје го запишала во учебната 2019/2020 и е студент на 6 та година насока општа медицина 11 семестар. Има просечен успех 7,9 со вкупно 301 кредити.

Мајчин јазик и е македонскиот, но во биографијата нема наведено дали има познавање од други јазици.

Член е на ММСА, каде што има учествувано во организација и имплементација на различни проекти поврзани со јавното здравје и едукација на населението. Има учествувано на семинари и работилници поврзани со јавното здравство и примената на социјалната медицина. За учество на конгреси семинари и работилници, кандидатот нема доставено докази од зборници или сертификати.

Со дадениот просек од 7,9 кандидатот **не ги исполнува условите** за конкурсот за Демонстратор, при што е назначено дека просечниот успех треба да биде најмалку 8,00 (осум).

4. Иван Панговски е роден на 07.10.1980 година во Скопје. Средно образование завршил во 1999 година на Council High School, Idaho, САД. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 2006 година, со просечен успех 8,57. Во 2016 година завршил втор циклус студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје со просечен успех 8,94 и го одбранил магистерскиот труд на тема: "Фреквенција и значење на социомедицинските ризик фактори во превенција на спонтаните хипертензивни мозочни крварења".

Специјалистичкиот испит го положил на 15.04.2021 година и го одбранил специјалистичкиот труд "Влијание на шеќерната болест како социо-медицински ризик фактор во појавата на хипертензивни мозочни крварења" и се стекнал со звањето Специјалист по Социјална медицина и јавно здравје.

Од 27.12.2018 до 16.11.2024 во 2 мандати бил избран за асистент на Катедрата за социјална медицина при Медицински факултет – Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1245 од 2021 година.

Во академската 2021/2022 година е запишан на трет циклус (докторски) студии по Јавно здравство кои се во тек.

Мајчин јазик му е македонскиот, активно се служи со англискиот јазик и има основни познавања од германски јазик.

М-р д-р Иван Панговски има објавено 2 научни трудови од областа на социјална медицина и јавно здравство во научно списание и 3 трудови во зборник од научен собир.

1. И. Панговски. Евалуација на влијанието на алкохолизмот како социомедицински ризик фактор врз појавата на мозочните крварења. Архиви на јавно здравје волумен 11, број 1, 2019: стр. 31.

2. Mome Spasovski, Ivan Pangovski, Zlate Mehmedovic, Shpresa Hasani. Challenges in the organization of the emergency care unites in Skopje. Симпозиум "Денови на превентивна медицина, Книга на апстракти, стр. 62, 2019

3. Pangovski I. Diabetes mellitus and hypertensive brain hemorrhage, Arch Pub Health 2021; 13 (2) 1-7. doi.org/10.3889/aph.2021.6012

4. Mome Spasovski, Ivan Pangovski, Aleksandra Stamenova, Monika Stojchevska. Goals and challenges in Macedonia and Slovenia healthcare system. Книга на апстракти на симпозиумот "I Интернационален Конгрес за превентивна медицина и јавно здравје", стр. 32, 2024

5. Ivan Pangovski. Correlation between diabetic foot syndrome and chronic kidney disease in patients with diabetes mellitus. Книга на апстракти на симпозиумот "I Интернационален Конгрес за превентивна медицина и јавно здравје", стр. 147, 2024

Д-р Иван Панговски е активно вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за социјална медицина. Врши стручна работа од областа на социјална медицина и јавно здравство. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Специјалистичко здружение на лекари по социјална медицина.

ЗАКЛУЧОК

По разгледување на доставената документација, постигнатиот успех на кандидатите во текот на студиите и активното користење на англискиот јазик кој е неопходен за изведување на наставата по предметот промоција на здравје за прва година на општа медицина и програмата на англиски јазик за општа медицина, рецензионата комисија смета дека д-р Иван Панговски со просечен успех 8.57 од додипломски студии, просек 8,94 од втор циклус (магистерски) студии, магистер по јавно здравство, специјалист по социјална медицина и јавно здравје, студент на трет циклус – докторски студии по Јавно здравство, вработен на Институтот за социјална медицина и асистент на Катедрата во 2 мандати е најсоодветен кандидат за демонстратор на Катедрата за социјална медицина.

Комисијата донесе заклучок м-р д-р Иван Панговски да биде избран за демонстратор на Катедрата за социјална медицина по предметите: Вовед во медицина, Промоција на здравје и Социјална медицина со здравствена економија, за студиска програма по општа медицина, како и на Промоција на здравје, Јавно здравство, Здравствено и социјално законодавство и Здравствен менаџмент, за студиските програми на тригодишните стручни студии за академската 2024/2025г.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

Проф. д-р Фимка Тозија ________

Проф. д-р Елена Ќосевска ________

В .н. сор. д-р Данче Гудева Никовска ________

# П Р И Г О В О Р

**До Наставнонаучниот совет и**
**Деканот на Медицинскиот факултет**
**Универзитет Св. Кирил и Методиј**
**Скопје**

ПРИГОВОР НА РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СУДСКА МЕДИЦИНА, ФОРЕНЗИЧНА ПСИХИЈАТРИЈА, МЕДИЦИНСКА ЕТИКА И ДЕОНТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, објавен во Билтен на УКИМ бр. 1323 од 01.02.2025.

Почитувани професори на Медицинскиот факултет, почитувани професори на УКИМ и сите останати членови на академската заедница и научната јавност,

На Конкурсот од 10.12.2024 за избор на два наставника во сите наставно-научни звања од горенаведените области се пријавиле три кандидати: Вонр. проф. д-р Рената Јанкова (избрана на МФ УКИМ), Вонр. проф. д-р Александар Станков (избран на МФ УКИМ) и Насл.вонр. проф. прим. д-р Наташа Давчева (вработена на УКИМ а избрана на ФМН УГД Штип и на МФ Универзитет во Марибор, Република Словенија, ЕУ).

Притоа, петчлената рецензиона комисија извршила евалуација и бодување на конкурсните материјали и приложените докази на сите три кандидати, при што **не ги оцениле сите три кандидати согласно член. 173, став 8 од ЗВО**, според кој Рефератот треба да содржи оценка за оставувањата на кандидатите во согласност со Општите и Посебните услови за избор во соодветно звање, така што комисијата дала оценка само за оние кандидати кои ги предлага за избор, така што кандидатот **Насл.вонр. проф. прим. д-р Наташа Давчева воопшто не е спомнат во Заклучокот од Рефератот**.

Ја молам комисијата да го дополни Рефератот по однос на оваа важна ставка, која имплицира натамошна постапка согласно Статутот на МФ УКИМ.

Член 173 од ЗВО (8)

"За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. **Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање**".

Сите тројца пријавени кандидати се вработени на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, МФ УКИМ чие мото и мисија во професионалната дејност гласи: "**Вистината низ материјалните докази**".

Да видиме што говорат материјалните докази на сите пријавени кандидати.

За Вонр. проф. д-р Рената Јанкова не е наведено од која година е вработена на ИСМК, но наведено е дека специјализацијата по судска медицина ја започнала во 2007 а ја завршила во 2011 (Давчева и Станков се вработени во 1998, Давчева завршила специјализација во 2002, а Станков во 2003). Јанкова го одбранила докторатот во 2015 и истата година е избрана

за доцент на МФ УКИМ, така што била асистент 4 години. Автор е на 33 научно-истражувачки трудови пријавени во репозиториумот на УКИМ, од кои 17 објавени in extenso публикации и вкупно **8 авторски** (in extenso), последната објавена во 2024 година. Автор е и на една монографија и коавтор на еден Практикум. Конкурира на место редовен професор.

Вонр. проф. д-р Александар Станков е вработен на ИСМК во 1998 г., специјалистичкиот испит го завршил во 2003, докторатот го завршил во 2015 и за три месеци потоа, истата 2015 е избран за доцент на МФ УКИМ, а бил асистент 16 години. Автор е на 49 научно-истражувачки трудови пријавени на Репозиториумот на УКИМ, од кои 32 објавени in extenso публикации и вкупно **6 авторски** (in extenso) кои се објавени 1998, 2013,2014,2015,2015, 2015 година, **така што последната авторска публикација ја објавил во 2015 година**. Автор е и на една монографија и коавтор на еден Практикум. Конкурира на место редовен професор.

Насл. вонр. проф. прим. д-р Наташа Давчева е вработена на ИСМК во 1998 г, специјалистичкиот испит го завршила во 2002 г. Докторатот го завршила во 2015 и до овој момент **(10 години) не е избрана за наставник на МФ УКИМ каде била асистент 19 години**, односно била асистент до 2018 г. Во 2017 е избрана за наставник на ФМН УГД, а во 2019 на МФ при Универзитетот во Марибор, Република Словенија. Има вкупно 58 научно-истражувачки трудови пријавени на репозиториумот на УКИМ од кои 32 објавени in extenso публикации и вкупно **17 авторски** (in extenso), последната објавена во 2023 година. Автор е на две учебни помагала за студенти по медицина: еден Практикум и една Збирка предавања по судска медицина. Конкурира на место вонреден професор и не е предложена за избор.

Врз база на претходните факти, мерит системот односно напредувањето согласно достигнувањата и постигнатите резултати не постои на Катедрата за судска медицина долги години наназад, поточно од 2015 година. Ова деструктивно и противзаконско безредие кое вклучува: наменско отворање конкурси за секој што ќе докторира во рамките на два месеци од докторирањето, што се случи за 5 колеги кои докторираа после мене, но не и за мене; двоен аршин при оценувањето, негативна селекција и злоупотреба на дискреционите овластувања, својата кулминација ја достигна при претходниот избор (28.10.2024) каде беше избран кандидат со 374 бода и вкупно 17 научно-истражувачки труда наспроти кандидат со 835 бода и 87 труда. Дали некој ќе понесе одговорност за ваквата деструкција на системот која се случува на катедрата по судска медицина? **Дали и како се вклопени правната сигурност и правната предвидливост како основни начела на владеењето на правото во автономијата на универзитетот, та се е оставено само на клиентелизмот?** Треба ли човек сиот свој живот да го посвети на науката и наставата, без да очекува соодветна валоризација на постигнатите резултати (правна предвидливост) затоа што "не го сакале"?

Толку за мерит системот, тој едноставно не постои. Постои само едно нешто кое наново и наново се повторува: "важно е да бидат исполнети минималните услови за избор!" Притоа, никој не ги споменува **Критериумите за избор** пропишани во член 164 од ЗВО, каде покрај стекнатото образование се наведени и РЕЗУЛТАТИ **И ИСКУСТВО** ВО НАСТАВНА ДЕЈНОСТ, **ПОДГОТОВКА НА ПОДМЛАДОК** ИТН. Прашувам, дали е време да поднесеме иницијатива за преиспитување на толкувањето на Законот за високото образование кој долги години наназад погрешно се толкува така што се е оставено на исполнување на условите и никој не ги споменува критериумите кои се јасно пропишани во законот, заради што пак бодувањата и табелите стануваат бесмислени бидејќи никој не ги почитува.

Во Рефератот, покрај тоа што комисијата не ги оценила моите постигнувања како кандидат на овој конкурс, таа неверно и субјективно цитирала факти од мојата биографија,

од кои некои се суштински за изборот. Институтот каде сум го одбранила докторатот на Бугарската Академија на Науките е наречен: "Институт за експериментална морфологија и антропологија со музеј", намерно испуштајќи го зборот "патологија" и ова се случува по трет пат, така што полното име на институтот е **Институт за експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј (https://iempam.bas.bg/).** Научниот степен е наведен во рефератот како "доктор на науки од научната област морфологија", што не одговара на материјалната вистина бидејќи доделената титула се вика Доктор по морфологија, според правилата на институтот кој го издал, но со нострификацијата и соодветната еквиваленција е определен целиот научен степен: **Доктор по морфологија од областа на медицинските науки**. Притоа, со Прилог кон дипломата, доставен во конкурсните документи е објаснето дека Докторатот придонесува за развојот на повеќе научни дисциплини, но тој пред се е од подрачјето на судската медицина. Колку години сум асистент по судска медицина на МФ УКИМ (19 години)? Во кои светски и домашни здруженија по судска медицина членувам? Кога и колку пати сум била избрана за наставник на МФ во Марибор, Словенија, ЕУ? Колку пати сум била рецензент на научното списание Journal of forensic and legal medicine, чиј издавач е светски познатата издавачка куќа Elsevier? Дали сум учествувала во научно-истражувачки проекти? Дали сум работела на методологијата за постмортално дијагностицирање на Дифузната аксонална лезија, од каде се произлезени трудови објавени во странски списанија со ИФ? Сите овие достигнувања ги нема во цитираната биографија иако сум ги навела во биографијата при конкурсот. Со тоа комисијата извршила необјективно и невистинито рецензирање, тенденциозно менување на фактите и фаворизирање на кандидатите предложени за избор.

На крај, пред да го изврши овој избор Наставно-научниот совет на МФ УКИМ треба да знае дека **на 30.09.2024 е иницирана постапка за реевалуација на изборот на Александар Станков од 2020 година за вонреден професор**. Со инспекциски надзор од ДПИ е докажано дека **Станков добил рецензија (целосно подготвен Реферат) не за еден ден, туку за една ноќ**, така што рецензионата комисија била формирана на 10.06.2020 а комплетно изготвениот Реферат бил даден за објавување во Билтен бр.1217 на 11.06.2020 и бил објавен на 16.06.2020, што е **задоцнување од цели 6 дена** имајќи го предвид Упатството за објавување во Билтенот на УКИМ каде стои:

"**материјалите до Универзитетот се доставуваат најдоцна до 5. ден во месецот, за да се објават во Билтенот кој излегува на 15. ден во месецот, односно најдоцна до 20. ден во месецот, за да се објават во Билтенот од 1. ден во наредниот месец**".

Случајот е пријавен во повеќе државни органи, при што постапката по евалуација на овој избор е сеуште во тек. Рецензионата комисија која го извршила незаконскиот избор во 2020 година била во следниот состав: **Проф. д-р Биљана Јанеска**, Проф. д-р Верица Попоска, **Проф. д-р Златко Јаќовски**, **Проф. д-р Здравко Чакар** и Проф. д-р Алберто Бенедети (+). Во овој состав, еден од членовите (Проф. Бенедети) бил од комплетно несродна област. **Токму тројца професори од таа комисија која го извршила изборот во 2020 година се вклучени и во Рецензионата комисија од актуелниов конкурс**.

Истото се случило и при изборот на Станков за доцент во 2015 година, кога Рецензионата комисија била формирана на 10.11.2015, а Рефератот бил објавен во Билтен 1111 на 16.11.2015. Беше поднесен Приговор од мене како кандидат на конкурсот но беше одбиен Приговорот како задоцнет. **Токму истите три погореистакнати професори и тогаш биле членови на Рецензионата комисија**.

Истите членови на комисијата беа присутни и при одбраната на докторатот на Станков во 2015, при што, само би ги запрашала, со колку објавени трудови беше одбранет докторатот? Дали можеби треба и просекот од 8,03 од првиот циклус студии на Станков да биде проверен, со оглед на субјективноста на комисијата која требала да го утврди?

Заради сето претходно, изборот на Александар Станков за редовен професор не треба да биде извршен од страна на ННС на МФ УКИМ се додека не заврши постапката по пријавата. Воедно, тој избор никако не треба да биде потврден од страна на Сенатот на УКИМ, со оглед дека се работи за највисокото наставно-научно звање кое се доделува доживотно.

Со Почит,

Насл. проф. прим. д-р Наташа Давчева
Примариус специјалист на МФ УКИМ, Скопје
Насловен вонреден професор на ФМН УГД, Штип
Доцент на Медицинскиот факултет, Универзитет во Марибор, Република Словенија, ЕУ.

До
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

**Предмет:** Одговор на Приговор поднесен од страна на прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева, во врска со Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1323 од 1.2.2025.

Во врска со Приговорот на Рефератот на Рецензентската комисија доставен од прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева, членовите на Рецензентската комисија во состав: д-р Здравко Чакар, редовен професор во пензија на Катедрата за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Биљана Јанеска, редовен професор во пензија на Катедрата за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Златко Јаќовски, редовен професор на Катедрата за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Људмила Ефремовска, редовен професор на Катедрата за физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Славица Костадинова Куновска, редовен професор на Катедрата за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје, го разгледаа Приговорот и го даваат следниов

**О Д Г О В О Р**

Кандидатите кои учествуваа на конкурсот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија се: вонр. проф. д-р Рената Јанкова, вонр. проф. д-р Александар Станков и прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева. Во Рефератот објавен во Билтен бр. 1323 од 1.2.2025 година, во Заклучокот со предлог е наведено дека Рецензентската комисија ја разгледа целокупната доставена документација во врска со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатите.

Комисијата заклучи дека по деталното разгледување на приложената документација, а според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатите вонр. проф. д-р Рената Јанкова и вонр. проф. д-р Александар Станков ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во повисоко звање – редовен професор во наставно-научните области: судска медицина, медицинска етика и деонтологија.

Целосно неоснован е наводот во Приговорот дека петчлената комисија не ги оценила сите три кандидати, односно не ја оценила кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева согласно со член 173, став 8 од ЗВО. Во диспозитивот на Рефератот, на првата страница е наведено: „На објавениот конкурс за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области судска медицина и медицинска етика и деонтологија, во предвидениот рок се пријавија вонр. проф. д-р Рената Јанкова, вонр. проф. д-р Александар Станков и прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева.“ (file:///C:/Users/ACER/Downloads/1323-01.02.2025.pdf, стр. 123 од Билтенот бр. 1323 од 1.2.2025)

Поврзано со ова, целосно невистинит е и наводот дека подносителката на Приговорот не е спомната во делот „Заклучок“ од Рефератот. Според истиот член во

Законот за високото образование и членот 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, сите три кандидати се оценети и бодувани по основ на општите и посебните услови во Рефератот, сите три кандидати се наведени во делот „Заклучок“, при што е даден предлог за избор на кандидатите за двете места за наставно-научни звања. Горекажаното е јасно видливо од Рефератот за избор на вонр. проф. д-р Рената Јанкова и вонр. проф. д-р Александар Станков во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Рефератот е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1323 од 1.2.2025. Во Рефератот, уште во првиот параграф од делот „Заклучок“, Рецензентската комисија се осврнува на сите три кандидати: вонр. проф. д-р Рената Јанкова, вонр. проф. д-р Александар Станков и **прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева**.“ (file:///C:/Users/ACER/Downloads/1323-01.02.2025.pdf, стр. 181 од Билтенот бр. 1323 од 1.2.2025).

Неоснован, невистинит и субјективен е наводот во Приговорот, дека на Катедрата за судска медицина не постои принципот на напредување според квалификации, знаење и заслуги (merit). Неоснованоста и паушалноста на овие наводи потекнуваат од некритичноста на кандидатката. Кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева е бодувана со 854,154 бодови, при што кандидатката е свесна дека Комисијата кај неа ја ценела и бодувала целата приложена документација од 1998 година до денес, што подразбира период од 27 години. Кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева конкурираше за местото вонреден професор, а својата академската кариера од 2017 година ја остварува на друг универзитет во државата, УГД – Штип. Од вкупниот број на бодови кај прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева, 56 % се добиени од изготвување на судскомедицински експертизи, коишто се добиени по основ на стручно-применувачка дејност за 27 години стаж (работна обврска во институцијата каде што е вработена). Наспроти неа, кај останатите кандидати ценета е документација за квалификации, знаење и заслуги за многу пократок временски период, односно од последниот избор во звање до моментот на распишување на конкурсот, што претставува временски период **од помалку од 5 години**, согласно со членот 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на УКИМ. Доколку кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева ја цениме еднакво со другите кандидати кои се јавуваат на предметниот конкурс, **таа во последните 5 години остварила 39,81 бод од наставно-образовна дејност на УГД – Штип, 40,7 бода од научноистражувачка дејност и 52 бода од стручно-применувачка дејност, што е сумарно 132 бода.** Наспроти петгодишното остварување на кандидатката проф. д-р Рената Јанкова со вкупно **234,898** бода доминантно од наставна и научна дејност (24 % од судскомедицински експертизи) и наспроти петгодишното остварување на кандидатот проф. д-р Александар Станков со **312,034 бода**, доминантно од наставна и научна дејност (28 % од судскомедицински експертизи). Во последните 5 години, проф. д-р Рената Јанкова има објавено 8 научноистражувачки труда, проф. д-р Александар Станков има објавено 16 научноистражувачки труда и бил раководител на национален научен проект, наспроти прим. д-р Наташа Давчева која има само 6 научноистражувачки труда во истиот период.
Ако го земеме предвид целокупното остварување на другите двајца кандидати од 1998 година па до последниот конкурс, поединечно имаат објавено над 100 научни трудови, што може да се види од рефератите за нивните претходи избори објавени во Билтенот на Универзитетот. Во однос на вкупниот број на бодови, вклучувајќи ги и претходните избори,

кандидатката вонр. проф. д-р Рената Јанкова има остварено вкупно 923,564 бода, а кандидатот вонр. проф. д-р Александар Станков – 1114,884.

Невистинити и апсурдни се наводите во Приговорот дека конкурси се отвораат наменски за секој што ќе докторира, дека постои негативна селекција и злоупотреба на дискреционите овластувања. Во 2015 година, кога кандидатката Наташа Давчева ја одбранила својата дисертација, беше отворен конкурс за избор во наставно-научно звање на еден наставник, согласно со систематизацијата на Катедрата. Тој конкурс, како и сите по него, се објавуваат кога Катедрата има потреба од нов наставен кадар. Конкурсите, како што на кандидатката Наташа Давчева одлично ѝ е познато, не се објавуваат со име и презиме на кандидат, ниту пак „наменски“ како што таа имплицира за конкретно наставно-научно звање, туку се објавуваат јавно и транспарентно во два дневни весника и секогаш се објавуваат за избор во сите наставно-научни звања. Да се тврди спротивното, покрај очигледни докази, е лага и малициозна тенденција. На конкурсот од 2015 година, наведен во Приговорот, беа пријавени кандидатите ас. д-р Александар Станков и ас. д-р Наташа Давчева, при што Рецензентската комисија го избра ас. д-р Александар Станков со 311,77, наспроти ас. д-р Наташа Давчева со 280,13.

Невистинит и манипулативен е наводот во Приговорот со кој кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева обвинува за негативна селекција и злоупотреба на дискреционите овластувања, при претходниот избор (28.10.2024), каде што бил избран кандидат со 374 бода и вкупно 17 научноистражувачки труда наспроти кандидат со 835 бода и 87 труда. На овој конкурс, Комисијата повторно ја ценела и ја бодувала целата приложена документација на прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева од 1998 година до денес, што подразбира период од 27 години. Остварувањата на д-р Наташа Давчева за последните 5 години се прикажани во претходниот параграф, 132 бода и 6 научноистражувачки труда, наспроти остварувањето на кандидатката којашто е избрана во наставно-научно звање на наведениот конкурс со 374 бода и 17 научноистражувачки труда.

Некритичен е пристапот на кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева, која за 27 години стаж има само 850 бодови, да изразува ставови за мерит системот. Ова скромно остварување дополнително го рефлектира академскиот потенцијал на кандидатката. Сите останати кандидати кои досега биле избрани на Катедрата за судска медицина имаат значајно подобри академски резултати во релативно кратки временски рокови и поголем придонес за академската средина во која дејствуваат.

Токму поради овие причини, Рецензентската комисија има овластена автономија во одлучувањето, или како што кандидатката сака да нагласи, „дискреционо право“. Комисијата не е софтвер кој евидентира бодовни листи, туку располага со академски капацитет и проникливост да го избере најзаслужниот кандидат, земајќи ги предвид различните фактори и постигнувања на повеќе нивоа од академскиот пат на кандидатот.

Неоснован е наводот во Приговорот во однос на областа на докторатот на кандидатката д-р Наташа Давчева, како и тврдењето дека Комисијата погрешно цитирала факти од биографијата на кандидатката. **Комисијата ги ценеше докторатите на кандидатите врз основа на доставената документација со којашто се потврдува и докажува завршен степен на трет циклус студии и стекната титула доктор на науки од соодветна област**. Кон документите за избор, од страна на кандидатката д-р Наташа Давчева беа приложени **Диплома бр. 000530** издадена од Бугарската академија на науките – Институт по експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј, за стекнат образовен и научен степен – **доктор по морфологија** (Прилог бр. 1), понатаму поднесено беше уверение кон издадена диплома за стекнување со образовен и

**научен степен „доктор“** (Прилог бр.2 ), како потврда дека за време на своите докторски студии **со специјалност „Морфологија**“, со **шифра 01.06.26** целосно ја исполнила предвидената наставна и научна програма, во рамките на којашто полагала 4 испити, и тоа: англиски јазик, компјутерски вештини, основен специјализиран предмет морфологија и дополнителни курсеви – теоретски и практични основи на класични и современи хистолошки и електронско-микроскопски методи, како и вовед во инженерство на ткива и клетки. Кандидатката приложи и Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство, од Министерството за образование и наука на Република Македонија (Прилог бр. 3), со кое се признава дипломата број 000530, издадена на 26.2.2015 година, на име Наташа Давчева, како документ за завршени трет циклус студии и стекнат **научен степен – доктор по морфологија од областа на медицинските науки**. Во Образец 1 за исполнување на општите услови, Комисијата за сите три кандидати уредно го оцени делот за научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира; кај кандидатката д-р Наташа Давчева, тоа е научна област: медицински науки; поле: базични науки; подрачје: морфолошки науки, соодветно на приложените документи од нејзина страна (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1323 од 1.2.2025.)

Комисијата го поставува прашањето: **Зошто кандидатката поднесува приговор на овој реферат и цени дека е оштетена со тоа што е наведен нејзиниот стекнат степен доктор по морфологија, а притоа немала замерка и приговор на референтот за избор на еден наставник во насловно звање при УГД – Штип, објавен во Универзитетски билтен бр. 302, 1.7 2022 г.** (https://ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/). Во именуваниот документ уште на првата страница е наведено: Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 29 април 2022 година и во предвидениот рок се пријави: насловен доцент доктор Наташа Давчева, доктор по морфологија од областа на медицинските науки. Во истиот билтен, под општи услови за избор од страна на рецензентската комисија, наведено е: „ Таа е доктор по морфологија од областа на медицинските науки......“, во делот „Заклучок и предлог“ од билтенот повторно е наведено „Доцент д-р Наташа Давчева, доктор по морфологија од областа на медицинските науки........“.

**Кандидатката селективно се вознемирува од својот стекнат образовно научен степен само во рефератите објавени во Билтенот на УКИМ, но не и на другите универзитети.**

Наводот дека се води постапка за реевалуација на изборот во звање – вонреден професор на проф. д-р Александар Станков е уште еден во редот на низата невистинити наводи во овој приговор. Имено, по претставка од страна на прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева за изборот на проф. д-р Александар Станков за којшто таа имплицираше дека не е во согласност со Правилникот за избор во звања и со Упатството за начинот и постапката за издавање на Универзитетскиот билтен, на 22.10.2024 година беше иницииран вонреден инспекциски надзор кој беше завршен на 28.10.2024 година. За именуваниот надзор, изготвен беше записник со број Ип1 бр. 09/2-892 од 29.10.2024 година (Прилог бр. 4 ) во којшто е наведено: „..... наводите не се основани, односно не е прекршен член 37 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на УКИМ, како и пропишаното Упатство за начинот и постапката за издавање на Билтенот.......“, односно не се утврдени неправилности во работењето на

субјектот на надзор, поради што согласно со член 83, став 5 од Законот за инспекциски надзор, постапката се запира.

Наводите за дискутабилноста на просекот на проф. д-р Александар Станков од првиот циклус студии и објавените научни трудови претставуваат сериозно нарушување на угледот и интегритетот, како на кандидатот, така и на Медицинскиот факултет и на Универзитетот. Важно е да ја потсетиме кандидатката дека и таа ги завршила своите додипломски студии на истиот факултет во Скопје. Дали, можеби, треба да се постави прашањето за нејзиниот додипломски просек и постигнувањата на Медицинскиот факултет во изминатите 27 години, од каде што обезбедува материјал за научните трудовите коишто ги објавува и финансиска поддршка за учество на конгреси, кои ги приложува на овој конкурс?

Кандидатката прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева, од 2015 година до денес, поднела голем број приговори насочени против проф. д-р Александар Станков, во кои, со академски неприфатлив наратив, навредлива содржина и неосновани обвинувања, го демонстрира малициозниот пристап и неприродниот фокус кон колегата. Кандидатката поднела бројни претставки, но сите досега поднесени претставки од прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева биле одбиени како неосновани. Неетичното однесување на кандидатката се следи во континуитет и фрла сенка на интегритетот на Институтот за судска медицина и Медицинскиот факултет. Во 2017 година, д-р Наташа Давчева доби предупредување за неодговорно и несовесно однесување при извршување на работните обврски, фотокопирање и изнесување на материјали од Институтот коишто не се од јавен карактер, како и правење на фалсификат на документ од Институтот (Прилог бр. 5 ). Кандидатката објавува содржина со навредлив и неакадемски наратив на социјалните мрежи, а во кои се спори закономерното работење, интегритетот и дигнитетот на Медицинскиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Поврзано со ова е нејзиното јавно промовирање за врвен професор на Медицинскиот факултет во Марибор, Р Словенија, за што објавува факти дека е ангажирана како професор, но во Рефератот за избор во наставно-научно звање на УГД во ШТИП нема ниту еден бод за реализирана активност како професор на Факултетот во Марибор, иако формално-правно од 15.4.2019 година има Одлука на ННС на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р Словенија, дека е избрана во наставно-научно звање – ДОЦЕНТ! Паралелно со овој избор во редовно наставно-научно звање, подносителката на Приговорот, остварила и избор во насловно звање на УГД – Штип, што е спротивно на член 174 (7) од Законот за високото образование, каде што е пропишано: едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа. (https://ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/302/pdf/302-3.pdf)

Комисијата се прашува зошто воопшто кандидатката, којашто гордо ја потенцира својата афилијација со универзитети во ЕУ, упорно сака да стане дел од академска заедница во којашто според неа владеат „безредие“, „беззаконие“, „двојни аршини“, „негативна селекција“ и „отсуство на мерит систем“. Искажаниот однос на прим. д-р сци. д-р Наташа Давчева кон Медицинскиот факултет и УКИМ е неприроден и контрадикторен на нејзината амбиција да стане дел од таа заедница.

Крајно, Комисијата сака да потенцира дека секој кандидат кој аспирира да биде член на универзитетската заедница е должен да го почитува интегритетот на Универзитетот и на неговите единици. Од своите членови и кандидатите идни членови се очекува да го чуваат достоинството на професијата, да ги чуваат достоинството, угледот и интегритетот на личноста, како и да ги чуваат угледот и интегритетот на Универзитетот и неговите единици. Почитување на основните етички начела од страна на вработените, колегијалност и интегритет се императив за секоја академска заедница и нивното значење и тежина се издигнува над секоја бодовна листа. Припадниците на академската заедница ги поставуваат етичките норми и ги издигнуваат етичките граници, поставувајќи пример за идните генерации, обликувајќи го идниот општествен модел.

Комисијата утврди технички грешки во објавената рецензија, и тоа:

Во делот од општите услови кај кандидатот вонр. проф. д-р Александар Станков, во графата претходен избор, наместо „15.6.2017“, треба да стои „15.6.2020 година“.

Во делот Биографски податоци на кандидатката прим. д-р сци Наташа Давчева, каде што стои „Докторската дисертација на тема: „Невроморфологија и судскомедицинското значење на дифузната аксонална лезија“ ја одбранила во 2015 година на Институтот за експериментална морфологија и антропологија со музеј при Бугарската академија на науките“, по зборот „експериментална морфологија“ треба да се додаде зборот „патологија“.

Согласно со сето претходно изнесено, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА СВОЈОТ ЗАКЛУЧОК ВО РЕФЕРАТОТ, односно му предложува на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, вонр. проф. д-р Рената Јанкова и вонр. проф. д-р Александар Станков да бидат избрани во звањето редовен професор во наставно-научните области: судска медицина, медицинска етика и деонтологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Здравко Чакар, с.р.

Проф. д-р Биљана Јанеска, с.р.

Проф. д-р Златко Јаќовски, с.р.

Проф. д-р Људмила Ефремовска, с.р.

Проф. д-р Славица Костадинова Куновска, с.р.

**БЪЛГАРСКА АКАДЕМИЯ НА НАУКИТЕ**

ИНСТИТУТ ПО ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА МОРФОЛОГИЯ, ПАТОЛОГИЯ И АНТРОПОЛОГИЯ С МУЗЕЙ

**ПРИСЪЖДА**

**ОБРАЗОВАТЕЛНАТА И НАУЧНА СТЕПЕН**

# Доктор

по Морфология

на

## НАТАША ГЕОРГИ ДАВЧЕВА

родена на 28 юни 1970 г. в гр. Тетово, Македония

за защитен дисертационен труд

"Невроморфология и съдебномедицинско значение на дифузната аксонална лезия"

на пети февруари две хиляди и петнадесета година

**Акад. Стефан Воденичаров**
Председател на БАН

**Проф. дбн Евдокия Пашева**
Главен научен секретар на БАН

**проф. дмн Димитър Кадийски, д.м.**
Директор на Институт по експериментална морфология, патология и антропология с музей

**Проф. д-р Машенка Димитрова**
Председател на научното жури

Диплом № 000530
Издаден на: 26.02.2015 г.

БУГАРСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ
**ИНСТИТУТ ЗА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА МОРФОЛОГИЈА, ПАТОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА СО МУЗЕЈ**

*Ул. "Акад. Г. Бончев", бл. 25, 1113 Софија, тел. 872 24 26; 979 23 11; факс: 871 01 07; e-mail: iempam@bas.bg*

BULGARIAN ACADEMY OF SCIENCES
**INSTITUTE OF EXPERIMENTAL MORPHOLOGY, PATHOLOGY AND ANTHROPOLOGY WITH MUSEUM**

*Bulgaria, 1113 Sofia, Akad. G. Bonchev str. Bl. 25, tel. (+359 2) 979 23 11, (+359 2) 872 24 26, fax: (+359 2)871 01 07 ; e-mail: iempam@bas.bg*

Штембил: БУГАРСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ
Институт за експериментална морфологија,
Патологија и антропологија со музеј
Излезен бр.209
20.03.2015 Софија

**УВЕРЕНИЕ**

**кон издадена диплома за стекнување со Образовен и научен степен „доктор"**

Ова уверение се издава на д-р Наташа Георги Давчева во потврда на тоа, дека за време на своите докторски студии со специјалност „Морфологија", со шифра 01.06.26, истата целосно ја исполнила предвидената наставна и научна програма и добила оценки и поени според кредитниот систем на Центарот за обука кон Бугарската академија на науките, и тоа:

***Спроведување на образовната програма:***

1. Положен испит по англиски јазик со оценка - Многу добар 5.00 – **25 п.**
2. Положен испит по компјутерски вештини со оценка – Одличен 6.00 – **25 п.**
3. Положен испит по основен специјализиран предмет – „Морфологија. Невроморфологија" со оценка – Одличен 6.00 – **40 п.**
4. Дополнителни курсеви за општа основна подготовка за научна специјалност „Морфологија":
   - „Теоретски и практични основи на класичните и современите хистолошки и електронско- микроскопски методи" – **20 п.**
   - „Вовед во инженерство на ткива и клетки" – **20 п.**

***Вкупно кредити од наставната програма – 130 (со дозволен минимум од 130).***

***Исполнување на научната програма*:**

1. Научни публикации на темата на дисертацијата – ***вкупно 6 броја***:
   - Во меѓународни списанија со ИФ – **4** бр. – **240 п.**
   - Во странско списание без ИФ – **1** бр. – **60 п.**
   - В бугарско списание без ИФ – **1** бр. – **48 п.**
2. Учества во научни форуми – ***вкупно 7 учества***:
   - Меѓународни – **6** учества – **192 п.**
   - Национални со меѓународно учество – **1** учество – **24 п.**

***Вкупно кредити од научната програма – 564 (со дозволен минимум од 120).***

***Вкупен број на кредити од подготовката – 694 (со дозволен минимум од 250).***

Научен консултант:
/проф. М. Димитрова, доктор/

Директор на ИЕМПАМ:
/проф. д-р Д. Кадијски, дмн/

Тркалезен печат: БУГАРСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ
Институт за експериментална морфологија,
Патологија и антропологија со музеј

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр.15-935
29.09.2015

Врз основа на член 159 ставовите 2 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 и 98/15), на предлог на Стручната комисија за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во странство од научните подрачја на медицински науки и здравство врз основа на Записник бр.15-14020/1 од 27.08.2015 година, Министерот за образование и наука донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство**

1. Дипломата број 000530 издадена на 26.02.2015 година, на име **НАТАША ДАВЧЕВА** од Институтот за експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј при Бугарската Академија на науките во Софија, Република Бугарија, во Република Македонија **се признава** како документ за завршен **трет циклус докторски студии и стекнат научен степен Доктор по морфологија од областа на медицинските науки.**

**Образложение**

Министерството за образование и наука поведе постапка за признавање на странска високообразовна квалификација, по барање со УП1 бр.15-935 од 15.04.2015 година поднесено од страна на носителот **НАТАША ДАВЧЕВА** од Скопје, за признавање на странска високообразовна квалификација, стекната на Институтот за експериментална морфологија, патологија и антропологија со музеј при Бугарската Академија на науките во Софија, Република Бугарија.

Земајќи ги предвид елементите битни за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство согласно членовите 161 став 2, 161-б, 161-ѓ, 161-е и 161-ж од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 и 98/15), утврдени на Записник бр.15-14020/1 од 27.08.2015 година, од страна на Стручната комисија за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во странство од научните подрачја на медицински науки и здравство како и предлогот за видот, степенот и називот на странската високообразовна квалификација односно стручниот или научен назив, звање или титула во Република Македонија, министерот за образование и наука на Република Македонија одлучи како во диспозитивот на решението.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Барателот кој не е задоволен од решението за признавање на странска високообразовна квалификација може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Abdilaqim Ademi**

Доставено до:
- примач
- архива

Изготвил: м-р Елена Неделковска Михајловиќ
Одобрил: Насир Абези

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

Државен просветен инспекторат

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје**

| Примено: 18.11.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 6097/1 | | |

**ЗАПИСНИК**

**за извршен вонреден инспекциски надзор**

Број: <u>Ип1 бр.09/2-892</u>

Датум: <u>29.10.2024 година</u>

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Универзитет „Св.Кирил и Методиј" –Скопје Медицински факултет |
| Седиште/адреса на субјектот | 50 дивизија, Скопје 1000 |
| Адреса за е-пошта | medf@medf.ukim.edu.mk |
| Телефон | 02/ 316 - 5155 |
| Матичен број на субјектот | 6462588 |
| Даночен број на субјектот | 4080009100154 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 160011115178813 |
| Банка депонент | НБРСМ |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Проф.д-р Светозар Антовиќ – декан на факултетот | | medf@medf.ukim.edu.mk |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум и време на почеток на инспекцискиот надзор | | На ден 22.10.2024 во 10:00 часот | |
| Датум и време на завршување на инспекцискиот надзор | | На ден 28.10.2024 (по дополнително побарана документација на денот на надзорот и доставена на 26.10.2024 година) | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Универзитет „Св.Кирил и Методиј" –Скопје, Медицински факултет | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 85.42 високо образование | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се | 50 дивизија, Скопје 1000 | | |

3) <u>Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:</u>

- Задолжение издадено од раководителот на инспекциската служба, Ип1 бр.09/2-892 од 30.09.2024 година.

4) <u>Инспекцискиот надзор е извршен од:</u>

- Даниела Кировска, Советник-Државен просветен инспектор

5) <u>Предмет на инспекцискиот надзор:</u>

Инспекцискиот надзор се изврши врз основа на член 2 став 2 и член 9 точка 6 и 18 од Законот за просветна инспекција („Службен Весник на Република Македонија" бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15, 30/16 и 64/18), член 206 од Законот за високото образование („Службен Весник на Република Македонија" бр.82/2018, Службен Весник на Република Северна Македонија" 178/2021), член 71 и член 82 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ, бр. 102 од 22.5.2019 година"), Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, по доставена претставка од прим.д-р сци.д-р Наташа Давчева, со адреса: ул.Никола Парапунов 2/2, 100 Скопје, до Државниот просветен инспекторат, заведена под наш Ип1 бр.09/2-892 од 30.09.2024 година, како и по Задолжение Ип1 бр.09/2-892 од 30.09.2024 година, од Директорот на Државниот просветен инспекторат, и примено на 14.10.2024 година.

Цел на инспекцискиот надзор беше поднесен Предмет: Евалуација на законитоста на постапката за избор во наставно-научно звање Вонреден професор во наставно-научната област судска медицина на проф.д-р Александар Станков, односно наводи дека постапката за избор на проф.д-р Александар Станков не е согласно Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, и не е во согласност со Упатството за начинот и постапката за издавање во Билтенот на Универзитетот.

6) <u>Во извршувањето на овој инспекциски надзор:</u>

- При вршењето на инспекцискиот надзор не се употребени листи за проверка бидејќи е вонреден надзор и за истиот не се предвидени листи за проверка.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Радмила Митаноска – секретар на факултетот | 070/952904 | rtrifunovska@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | / | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) <u>Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба</u>

На ден 22.10.2024 година, и на ден 26.10.2024 година се изврши вонреден инспекциски надзор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Медицински факултет, Скопје, во однос на наводите од претставката.

По разгледување на приложената документација на денот на надзорот како и по дополнително побараната документација и извршениот службен разговор со присутното лице на денот на надзорот, Советникот-Државен просветен инспектор ја утврди следната состојба:

-На ден 19.05.2020 година, Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје има донесено Одлука бр.02-1675/1 од 19.05.2024 година, за распишување на конкурс.

-Конкурсот е објавен на ден 22.05.2020 година, во дневните гласила: „Нова Македонија" и „Коха".

-На ден 10.06.2020 година, Наставно-научниот совет на медицинскиот факултет има донесено Одлука бр.02-1868/3 од 10.06.2020 година за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: судска медицина, форензична психијатрија и медицинска етика и деонтологија. Одлуката е доставена до членовите на рецензентската комисија, до пријавениот кандидат и до архивата на факултетот.

- Рефератот е доставен на јазична корекција, истиот е лекториран од страна на советник-лектор и е доставен до факултетот, под арф.бр.02-1977/3 од 11.06.2020 година

- Рецензијата на д-р Александар Станков е доставен до Универзитетот со цел негово објавување во Билтен, заведен под бр.02-1977/4 од 11.06.2020 година.

-Рецензентската комисија, (во состав се пет члена), во Заклучокот и предлогот, едногласно, му предлага на Наставно-научниот совет на медицинскиот факултет, доц.д-р Александар Станков да биде избран во звањето вонреден професор во наставно научните области: судска медицина, форензична психијатрија и медицинска етика и деонтологија. Рефератот е потпишан од страна на сите пет члена.

- Рефератот е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1217 од 15.06.2020 година.

- Врз основа на Рефератот, Наставно-научниот совет има донесено Одлука бр.02-2426/3 од 09.07.2020 година, за избор на доц.д-р Александар Станков во наставно-научно звање вонреден професор.

Согласно горенаведеното, се констатира дека наводите не се основани, односно не е прекршен член 37 од Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Скопје, како и пропишаното Упатство за начинот и постапката за издавање во Билтенот на Универзитетот, односно при постапката за избор во наставно-научно звање: вонреден професор во наставно-научната област: судска медицина на проф.д-р Александар Станков не се прекршени законски пропишаните рокови.

– врз основа на која

**<u>не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор, поради што согласно член 83, став (5) од Законот за инспекциски надзор, постапката се запира.</u>**

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

Поради обемот, сложеноста, природата и околностите на инспекцискиот надзор не беше можно да се состави Записникот на местото на инспекцискиот надзор, поради што истиот е составен во службените простории на Државниот просветен инспекторат во Скопје и ќе се достави до правниот субјект во пропишаниот рок, согласно член 82 став 3 од Законот за инспекцискиот надзор и член 31 став 3 од Законот за просветната инспекција.

Правниот субјект доколку има забелешки може писмено да се произнесе по овој Записник во рок од 8 (осум) дена по приемот на истиот во согласност со член 82 став 4 од Законот за инспекцискиот надзор. Доколку правниот субјект не се произнесе по овој Записник во предвидениот рок, се смета дека се согласува со наводите во истиот.

11) Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзорот: | | Печат и потпис на инспекторот: | Државен просветен инспектор Даниела Кировска |
| Датум: | | Датум: 29.10.2024 год. | |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

...

Република Македонија
ЈЗУ Медицински факултет
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
СКОПЈЕ
Примено: 5.06.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 24/ 0801 | - 256/17 | | |

**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
**СКОПЈЕ**
Бр. 03-2517/2
Дата 31.5.2017 год.

Врз основа на член 73 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 и 27/2016), и член 61 од Правилникот за внатрешни односи и работење на Медицински факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Деканот го донесе следното:

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Работникот асс.д-р Наташа Давчева, вработена на работно место асистент-доктор по медицина, специјалист на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицинскиот факултет во Скопје, СЕ ПРЕДУПРЕДУВА за неодговорно и несовесно однесување кон извршување на работните обврски согласно Известувањето бр. 03-2517/1 од 16.5.2017 година, со укажување дека ако не го подобрите своето работење, работодавачот го задржува правото да и го откаже договорот за вработување со отказ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Известување бр. 03-2517/1 од 16.5.2017 година, доставено до Деканот на Медицински факултет – Скопје од страна на Раководителот на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, бев известена дека без одобрение од Вашиот непосреден раководител и без никакво право, сте фотокопирале и изнеле информации од Институтот кои не се од јавен карактер и сте ги доставиле до државниот просветен инспекторат. Видно од доставените докази кон Известувањето, истовремено сте направиле фалсификат во документ од Институтот кој сте го користеле како основен доказ пред државниот просветен инспекторат во обид да докажете дека катедрата за судска медицина работела незаконски, поради што Ви се дава горенаведеното предупредување.

Поради неодговорно односно несовесното однесување при извршување на работните обврски, на именуваната и се дава ова предупредување, со напомена дека со непочитување на истото, ќе се постапи согласно диспозитивот на ова предупредување.

Да се достави до:
- Именуваната
- Архива
- Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија

Декан
Проф.д-р Соња Топузовска

06.06.2017